ГЛАСИЛО НА НАЦИОНАЛНИОТ СОЈУЗ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

# МОБИЛНОСТ

E-MAIL: CONTACT@MOBILNOST.MK
WWW.MOBILNOST.MK
БРОЈ 107, ДЕКЕМВРИ 2025

МСПДМ
Министерство за социјална политика, демографија и млади

Среќна
Нова
2026
Година




MKD






MKD
LATVIA
CROATIA











# МОБИЛНОСТ

## ГЛАСИЛО НА НАЦИОНАЛНИОТ СОЈУЗ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА


Република Северна Македонија

**Министерство за социјална политика, демографија и млади**

***Издавач:***
***МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА***

***Уредувачки одбор:***
***Главен и одговорен уредник:***
Бранимир Јовановски

***Одговорни уредници:***
д-р Нико Јанков
Митко Фидановски

***Издавачки совет:***
Бранимир Јовановски
д-р Нико Јанков
Елица Трпковска
Стеван Ангелески
Нермин Суловски
Гоце Миновски
Велибор Јакимовски
Дивна Таневска
Михајло Михајлов
Миланчо Арсовски
Горан Војновски

***Лектор:***
Валентина Бачваровска

***Адреса:***
Национален сојуз на лица со телесен инвалидитет на Северна Македонија Мобилност Македонија
Ул. „11 Октомври“ бр. 42/а – Скопје
Тел: (02) 3 211 280

***Жиро сметка:***
300000000106445
Комерцијална Банка

Печатено во 50 примероци
Излегува тримесечно
Број 107, Декември 2025
Со решение бр. 01-483/2 од 16.05.1994 год. весникот „Феникс 86“ е запишан во регистарот на весниците

***Дизајн и компјутерска подготовка***
Далибор Јовановски

***Печат:***
КОНТУРА ДОО – Скопје

Весникот е бесплатен.


•СОДРЖИНА


•ЗБОР НА УРЕДНИКОТ 2
•ОДРЖАНИ ДВЕ СЕДНИЦИ НА УПРАВЕН ОДБОР НА СОЈУЗОТ 3
•ОДБЕЛЕЖАН 4 ДЕКЕМВРИ - ДЕН НА ЛИЦАТА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА 5
•31. РЕПУБЛИЧКИ КВИЗ НАТПРЕВАР ЗА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА 8
•ИНФОРМАТИВНА СРЕДБА ВО КЛУБ НА ПРАТЕНИЦИ ЗА НАЦИОНАЛНА МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ПРОЦЕНКА НА ПОПРЕЧЕНОСТ 9
•ХЕРБАЛНО-ЕДУКАТИВНА РАБОТИЛНИЦА, „БРОДЕЦ 2025“ 11
•ПОРТА МАКЕДОНИЈА - ИЗЛОЖБА НА ЛИКОВНИ ДЕЛА 2025 12
•ТЕМАТСКА СРЕДБА ВО СОБРАНИЕ НА РСМ 12
•ПРВ ЗАЕДНИЧКИ КОНСУЛТАТИВЕН ПЛАН (JWP) 13
•ПРЕДНОВОГОДИШНА СРЕДБА НА ЧЛЕНОВИТЕ 14
•15. РЕПУБЛИЧКИ ТУРНИР ВО ТАБЛА 15
•РАСЛОЈУВАЊЕ 15
•ДЕФИЛЕ И РАБОТИЛНИЦА НА МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ 16
•ХУМАНИТАРЕН БАЗАР НА МОБИЛНОСТ БИТОЛА И ЗУР „МАКЕДОНСКИ РАКОТВОРБИ“ ВО „БЛИС МОЛ“ 17
•ЧЕТВРТА СЕДНИЦА НА НКТ ВО ВЛАДА НА РМ 18
•МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ НА ПЕТТА СЕДНИЦА НА НКТ 18
•РАБОТИЛНИЦА НА ТЕМА „ПРИДОБИВКИ ЗА ЗДРАВЈЕ, МОДА ИЛИ ЗАБЛУДА ПРИ КУПУВАЊЕ НА ХРАНА“ 19
•ВО КРАТОВО ОДБЕЛЕЖАН 3 ДЕКЕМВРИ - МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ 20
•ПРВ ИНФОРМАТИВЕН БИЛТЕН НА ПРОЕКТОТ „ВОЛОНТИРАЊЕ ЗА ИНКЛУЗИЈА И ЗАЈАКНУВАЊЕ ПРЕКУ СПОРТ“ (VIEWS) 20
•РАБОТЕН СОСТАНОК СО МЕНАЏЕРИТЕ НА ПРОЕКТОТ VIEWS 21
•ЧЛЕНОВИТЕ НА МОБИЛНОСТ ГЕВГЕЛИЈА ГО ОДБЕЛЕЖАА 3 ДЕКЕМВРИ -МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ 21
•РАБОТНА СРЕДБА ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ОН ЗА ИЗБОРНИОТ ПРОЦЕС 22
•ОДБЕЛЕЖАН 10 ОКТОМВРИ ВО ОПШТИНА БОГДАНЦИ И ДОДЕЛЕНА ПЛАКЕТА ЗА УСПЕШЕН АТЛЕТИЧАР 22
•ПОСЕТА НА ИСТОРИСКИОТ МУЗЕЈ ВО СТАРО КОНСКО НА ЧЛЕНОВИТЕ ОД МОБИЛНОСТ ГЕВГЕЛИЈА 23
•ОДРЖАН ПРЕДНОВОГОДИШЕН БАЗАР ВО ГЕВЕЛИЈА 23
•ОДРЖАНА ТРЕТАТА ИНКЛУЗИВНА ТРКА ВО ГЕВГЕЛИЈА „RUN TOGETHER“ 24
•РЕАЛИЗИРАНА ЕДНОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ВО ДОЈРАН ЗА ЧЛЕНОВИТЕ НА МОБИЛНОСТ ГЕВГЕЛИЈА 25
•НОВО ПАРТНЕРСТВО ЗА ПОХУМАНА И ИНКЛУЗИВНА СТОМАТОЛОШКА ГРИЖА 25
•ПАНЕЛ-ДИСКУСИЈА ЗА МЕЛАНОМ 26
•МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ НА РАБОТИЛНИЦА ВО ВРАЊЕ 27
•ЧЕКОР КОН МАШКОТО ЗДРАВЈЕ - ОНКОЛОШКИ И КЛИНИЧКИ ПЕРСПЕКТИВИ 27
•ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МЕЃУНАРОДНИОТ ПАРАОЛИМПИСКИ КОМИТЕТ, ЕНДРЈУ ПАРСОНС (ANDREW PARSONS), ВО РАБОТНА ПОСЕТА НА МАКЕДОНСКИОТ ПАРАОЛИМПИСКИ КОМИТЕТ 28
•ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРАОЛИМПИСКИ КОМИТЕТ, РАЈМОН БЛОНДЕЛ, ВО ДВОДНЕВНА ПОСЕТА НА НПК „МАКЕДОНИЈА“ 31
•ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ВО СТРЕЛАШТВО 2025 32
•ОДРЖАНО ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ВО ПИНГ-ПОНГ 2025 33
•ГРАН-ПРИ ВО СТРЕЛАШТВО ПАРАСПОРТ „НОВИ САД 2025“ 34
•УСПЕШЕН НАСТАП НА МАКЕДОНСКИТЕ ПАРААТЛЕТИЧАРИ НА МИТИНГОТ ВО КРУШЕВАЦ, ВТОРО МЕСТО ЗА НИКОЛА ПЕЕВ И ТРЕТО ЗА ЕЛЕНА ДАВИТКОВСКА 34
•ПКСМ НА РАБОТНА СРЕДБА ВО БЕЛГРАД 36
•ПКСМ НА ЗАВРШЕН РАБОТЕН СОСТАНОК НА ПАРАОЛИМПИСКИ КОМИТЕТИ ВО САРАЕВО 37
•ТРИ БРОНЗЕНИ МЕДАЛИ ЗА МАКЕДОНСКИТЕ ПИНГПОНГАРИ НА МЕЃУНАРОДНИОТ ТУРНИР ВО ВАРНА 38
•МАКЕДОНСКАТА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА ВО ПАРА ПИНГ-ПОНГ НА МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР „ПОДГОРИЦА 2025“ 38
•УСПЕШЕН НАСТАП НА ПАРААТЛЕТИЧАРИТЕ НА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА ВО САРАЕВО, БИХ 39
•КСРИ КУМАНОВО ЕКИПЕН ШАМПИОН ВО ПАРАПИНГ-ПОНГ ЗА 2025 40
•33. РЕПУБЛИЧКИ СПОРТСКИ ИГРИ НА СПИКС, ВРЊАЧКА БАЊА 41
•„ТРИ ФИНАЛНИ БОРБИ НА ОЛИВЕРА НАКОВСКА-БИКОВА НА ЕВРОПСКОТО ПРВЕНСТВО ВО СТРЕЛАШТВО, „ОСИЈЕК 2025“ 42
•ЈАНЧО ЃОРЃЕВСКИ ГО ОСВОИ 9. МЕСТО НА ТРЕТАТА ТАБЛА НА 2ND FIDE CHESS OLYMPIAD FOR PEOPLE WITH DISABILITIES, 44
•МЕЃУНАРОДЕН ПАРААТЛЕТСКИ МИТИНГ „ЗАГРЕБ ОПЕН 2025“ 45
•ВТОР ТРАНСНАЦИОНАЛЕН СОСТАНОК НА ПАРТНЕРИТЕ ВО ПРОЕКТОТ VIEWS 45
•СРЕДБА СО ЉУБИЦА ЛУКАЧИЌ, ПРАТЕНИК НА ХДЗ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА 46
•НАГРАДНА ИГРА 46
•ЕКИПАТА НА КСРИ КУМАНОВО НА МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР ВО ПИНГ-ПОНГ ВО ЧЕШКА 47
•ТРЕТ МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР ВО ПАРАПИНГ-ПОНГ „КУМАНОВО 2025“ 48
•ОДРЖАН PRE-DRM СО МИЛАНО КОРТИНА ОРГАНИЗАЦИСКИОТ ОДБОР 49
•ЈАНЧО ЃОРЃЕВСКИ, УЧЕСТВУВАШЕ НА ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО ВО ШАХ 49
•МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ НА НАТПРЕВАР ВО БОЧАЊЕ ВО БУГАРИЈА 50
•МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР ВО ПИНГ ПОНГ-МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ 50
•УСВОЕНА И ОБЈАВЕНА ПРОГРАМА НА СПОРТОВИ, БРОЈ НА СПОРТИСТИ И БРОЈ НА ДИСЦИПЛИНИ ЗА МЕДАЛИ НА ПАРАОЛИМПИСКИТЕ ИГРИ ВО ЛОС АНЏЕЛЕС 2028 (ЛА28) 51
•НАТПРЕВАР ВО АТЛЕТИКА ВО НАСЕЛБА ЖЕЛЕЗАРА 52



Почитувани членови на Мобилност Македонија,

Се ближи крајот на календарската 2025 година, крај на година во која Мобилност Македонија и другите национални инвалидски организации, вложија многу труд и енергија за обезбедување на услови, најнапред за егзистенција, а потоа и за спроведување на програмските активности за своите членови.

Водевме долги и исцрпувачки преговори со Министерството за социјална политика, демографија и млади, во однос на потпишувањето на Договорите за финансирање на националните инвалидски организации за 2025 година, кои на почетокот, во предлог текстовите на договорите, содржеа неприфатливи одредби кои не одеа во прилог на суштината на нашето постоење, организација и спроведување на активности, бевме и се уште сме обременети со гломазна процедура на отчет на реализација на средства на месечно ниво, првите финансиски дотации ги добивме дури кон крајот на месец август и тоа за првите седум месеци, и кога помисливме дека тргна работата, еве до денес немаме добиено дотации за месеците од август наваму, што претставуваше и сеуште претставува сериозен финансиски удар за нашиот сојуз, некои активности ги минимализиравме, некои ги одржавме со финансиска позајмица од средствата од резерва, акумулирани низ годините наназад за набавка на простор за одвивање на активности, надевајќи се дека сите дотации ќе ни бидат уредно исплатени до крајот на годината и ќе ги вратиме во инвестицискиот фонд. Само да потсетиме, со Буџетот за 2025 година, на националните инвалидски организации им беа намалени средствата за програмски активности и беа вратени на ниво на финансирање, отприлика од пред 10-15 години, а истата сума е и во донесениот Буџет за 2026 година. Во услови на енормно зголемени трошоци, особено на енергенси и на услуги, спроведувањето на нашите програмски активности во рамките на овие средства се чини скоро невозможно и ќе мора да претрпи корекции. Сите наши состаноци и преговори со пратениците, со претставниците на Владата и на ресорните министерства за покачување на износот на финансирањето во Буџетот за оваа и следната година, за жал не вродија со плод.

Паралелно, како ваши избрани претставници, бевме во постојана комуникација со институциите на државата за подобрување на правата, постојано апелиравме за впишување на нови ортопедски помагала на позитивната листа на ортопедски помагала, за зголемување на износот на социјалните надоместоци, дававме свои мислења и сугестии за подобрување на текстовите на одредени закони и методологии кои се однесуваа на некое право за лицата со телесен инвалидитет, а сметавме дека ќе одат на ваша штета.

Но, и тука како институциите да немаа слух. Иако уште пред три и повеќе години ни ветија дека ќе го зголемат износот за набавка на патничко моторно возило за лицата со инвалидност, тој се уште не е корегиран и за таа сума опишана во Законот за социјална заштита, денес не може да се набави адекватно возило за лица со инвалидност во кое може да се стават ортопедските помагала со кои лицето се движи. Згора на тоа, годинава МСПДМ и Владата на РСМ, воопшто не ја донесоа Програмата за рефундирање на средства платени како ДДВ, акциза и царина за набавка на патничко моторно возило за лица со инвалидност. Морам да напоменам дека Статутарно-правната комисија и Управниот одбор на сојузот, заседаваа во интерес на заштита на вашите права низ текот на целата година, како пример дадовме 18 забелешки на нацрт Законот за професионална рехабилитација и вработување на лица со попреченост, од кои за жал само мал дел беа прифатени. Ние продолжуваме со натамошната комуникација и бранење на нашите ставови, но откако Законот ќе влезе во процедура во Собранието на РСМ, нашите шанси за корекција на текстот се сведуваат на минимум. Понатаму, во Нацрт - Методологијата за проценка на попреченоста, изготвена од експерти на Светска банка по барање на МСПДМ, за време на информативната средба во Клубот на пратеници од пред некој ден, дадовме поголем број на забелешки, особено во деловите од методологијата кои беа исклучувачки за стекнување на право на некој социјален надоместок. Ќе имате можност за тоа, но и за други преземени активности, да прочитате во овој број на списанието, но и на нашата веб страница.

Слушаме и читаме многу негативни коментари од одредени лица во изминатиот период, веројатно револтирани од нередовната исплата на социјалните надоместоци кои ги примаат, и она што сакам да им го објаснам на членовите е дека улогата на невладините организации, меѓу кои и на Мобилност Македонија, е да го сублимира и подигне гласот за потребите на лицата со телесен инвалидитет, да спроведе кампањи за подигање на јавната свес за потребите на лицата со инвалидност, да сугерира и предлага решенија пред институциите на државата за подобрување на правата на лицата со инвалидност и нивно впишување во текстовите на законите и подзаконските акти, но клучот на решавање на сите наши иницијативи, секогаш се наоѓа во рацете на пратениците во законодавниот дом, како и во претставниците на институциите на државата.

Исто така, често слушаме од некои лица, доста ни е од програми, активности, спорт, квизови и слично, нам ни треба редовна исплата на средства. Потполно разбирливо од ваша страна почитувани членови, но мора да разберете дека средствата предвидени и исплатени за спроведување на програмски активности и функција на инвалидските организации (од даноци од игри на среќа), и средствата предвидени за исплата на социјалните надоместоци на лицата со инвалидност (од Буџетот на РСМ од данок), се од тотално различни извори на средства и немаат допирна точка едни со други.

Мобилност Македонија нема ингеренции, ниту пак средства за исплата на социјалните надоместоци (надоместок за нега и помош од друго лице, надоместок за попреченост, надоместок за телесно оштетување, посебниот додаток и сл), и тие исплати се во исклучива надлежност на Министерството за социјална политика, демографија и млади. Ние како инвалидска организација сме во постојана преписка со министерството за социјална политика за зголемување на овие надоместоци, за нивно врзување со процент од растот на просечната месечна плата во републиката, што според наше мислење ќе гарантира реално и правично зголемување на вашите надоместоци, за подобрување и проширување на лепезата на права кои ќе го олеснат и збогатат социјалниот живот и инклузијата на лицата со инвалидност во духот на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со инвалидност, како и агендата 2030. И нашите ингеренции како сојуз, завршуваат тука. Се останато е во рацете на институциите.

На крај, сакам да ви посакам среќна и бериќетна „Нова 2026 Година“. Нека годината нова ви дарува многу здравје, радост, благосостојба и исполнување на сите желби. Сите нам ни е потребно следната година да ни биде поваклонета, со поголемо меѓусебно разбирање и емпатија.

*Бранимир Јовановски*

# ОДРЖАНИ ДВЕ СЕДНИЦИ НА УПРАВЕН ОДБОР НА СОЈУЗОТ

На 10.10.2025 година, во Негорски Бањи, беше одржаната XI-та седница на Управниот одбор на Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Северна Македонија - Мобилност Македонија. По констатирањето на кворум за работа, беше усвоен дневниот ред, а потоа и Записникот од претходната седница на УО одржана на 28.07.2025 година. Потоа претседателот на сојузот информираше за преземените активности на сојузот меѓу двете седници на Управниот одбор и тоа:

-за преговорите со Министерството за социјална политика, демографија и млади, во однос на корекција и потпишување на Договорите за финансирање за 2025 година, каде што истакна дека после долги преговори и преписки, конечно постигнавме компромис со министерот и службите на министерството и ги потпишавме договорите, а со тоа и го одблокиравме финансирањето. Договорот не е идеален, има многу лимитирачки одредби, како и силни задолженија при пополнување на образци за отчет, сметаме непотребни заради фактот што и во поранешните години ние секој документ, фактура, фискална сметка,касов извод, извод од банка, им го доставуваме на увид. Иако според договорот, направивме отчет по стар минатогодишен терк и министерството ни ги префрли седумте дотации, од тогаш па наваму немаме дотација, а министерството постојано ни ги враќа табелите на поправка, корекција и дополнување, со еден збор закочени сме целосно и засега не гледаме начин како ќе се одблокираме, постојано ни бараат доставување на одлуки, правилници, записници, договори за дело, и тоа по неколку пати истите, иако претходно уредно им се доставени. Сето ова премногу го оптоварува нашето вработено лице и тој буквално има застој во тековната работа и ја носи работата дома за да може да ги постигне термините и обемот на работа. Во натамошниот тек на седницата, претседателот даде целосен извештај за одржаните активности како што се: одбележување на 6. Октомври – Ден на лицата со церебрална парализа, Одржување на Републичкиот квиз натпревар на лицата со телесен инвалидитет на 20-21.09.2025 година во Струга, за одржаната заедничка работна средба на 27.08.2025 година во просториите на Обединатите Нации во Скопје на претставниците на инвалидските организации и здруженија, со неколку агенции на ОН, на која присуствваше и г-ѓа Рита Колумбија, постојан координатор на тимот на ОН во државата, а се однесуваше-на предизвиците со кои се соочуваат лицата со инвалидност во изборниот процес, како за претстојните локални избори, така и за некои следни, за испратениот допис до ФЗОРСМ за делумниот раскин на договорот за изработка на ортози од страна на ЦОП Славеј од Скопје и барање да се ревидира референтната цена на тие помагала се со цел лицата да добијат квалитетни и функционални ортопедски помагала, за Ликовната Колонија која е во тек и допис до факултетот за угостителство да ни отстапи просторија за заедничка работа на уметниците која беше одбиена од деканатот заради недостаток на простор, за објавениот ЈАВЕН ОГЛАС за поддршка на домаќинства кои спаѓаат во категоријата ранливи потрошувачи на енергија за 2025 година, преку доделување на правото на купен и вграден инвертер клима уред и други тековни, како и Јавен оглас за аплицирање за користење на бенефит од Програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2025 година, како и за други активности за кои можете да се информирате на фејсбук и веб страната на



нашиот сојуз. Потоа стана збор за страната на фејсбук наречена Мобилност Македонија (без одобрение на сојузот), која беше направена од страна на еден наш починат член, Игор, и сега истата нема администратор, но таа страна, односно дел од лицата кои постираат на неа, станаругло за препукавање и рекламирање на разни содржини, на постови од анонимни, веројатно со лажни профили следбеници и се прашуваме како да ја згаснеме, со оглед на тоа дека не сме ја креирале ние и нема администратор. Веројатно решение е да ја пријавуваме масовно и секојдневно како нерелевантна, неадекватна, па фејсбук самиот да ја блокира, а најдобро решение можеби е да отвориме наша официјална страна и да ги повикаме членовите да ја следат новата страница и да добиваат релевантни и корисни податоци, па претпоставка е дека ќе ја напуштат онаа старата.

По третата точка од дневниот ред, едногласно беа потврдени одлуките донесени по електрпонски пат, и тоа: Исплата на втора дотација за редовна дејност, со обврска средствата кои ќе бидат префрлени на здруженијата и кои наменски ќе бидат потрошени, да се оправдаат со соодветен Финансиски извештај и пополнети образци, како што ни се налага во Договорот потпишан со МСПДМ; -Согласност за учество на нашите најдобри шахисти Јанчо Ѓорѓиевски, Горан Војновски и Александар Стојчески на турнирот во шах во Бања Лука од 26-28.09.2025; -Согласност за учество на спортистите од Мобилност Македонија, Зоран Јовановски, Златко Арсовски и Елена Давитковска, како и претседателот Бранимир Јовановски и секретарот Гораст Велковски, на Републичкото првенство на СПИКС во Врњачка Бања; -Согласност за учество на спортисти од Мобилност Македонија, Зоран Јовановски, Златко Арсовски, Адем Неби и Елена Давитковска на Републичко првенство на параплегичари и заболени од детска парализа на БиХ, во Сарајево.

По четвртата точка беа донесени одлуки и заклучоци и тоа: -Беше дискутирано и се донесе заклучок на една од наредните седници да се дефинира прашањето во врска со придружници на учесници на настани во организација на Мобилност Македонија; -Се донесе одлука и во следните години да се организира одржување на Меѓународна ликовна колонија бидејќи истата е корисна за нашите членови, а исто така и остава капитал во слики кој ја прави оддржлива доколку истите се продадат; -Беше донесен заклучок дека членовите од Охрид не може да се зачленуваат во Мобилност Струга, бидејќи и двете здруженија во своите акти имаат опишана територија на делување, а адекватно на тоа и право на зачленување. До одржување на седница на редовно годишно Собрание, Статутарно прваната комисија да ги разгледа актите на сојузот и тековната состојба со членовите од тие градови и нивните здруженија и да даде соодветен предлог за надминување на состојбата. Едно од решенијата кои ги дискутираа членовите на УО на седницата може да биде да се испрати официјален допис до Мобилност Охрид со кој ќе им се даде рок до кој конечно треба да постапат по одлуката на Мобилност Македонија, односно да одржи регуларни избори за кои членовите од Охрид ќе бидат благовремено и транспарентно повикани да присуствуваат, да поканат присуство на член на Статутарно правна комисија од сојузот да присуствува и да ја надгледува законитоста на работата на изборното Собрание на Мобилност Охрид и по завршување на истата да се поднесе барање за продолжување на членување во сојузот. Доколку не го сторат тоа, да се разгледа можноста здружението да се исклучи од членство во сојузот и да се формира ново здружение на лица со телесен инвалидитет на територија на Охрид; -Да се поддржи организацијата на 26-та Тортијада во организација на Мобилност Струмица со сума од 50.000 денари. Сумата ќе биде префрлена на сметка на здружението откако здруженијата ќе добијат покана за учество на истата; -За организатор на одбележувањето на 4. Декември – Ден на лицата со телесен инвалидитет на Македонија се определува Мобилност Велес. Сојузот ќе ги покрие трошоците за одржување на ова манифестација; -На домаќинот во апартманите во Охрид, Богоја Милески, му се определува исплата на надоместоци во износ како во месеците од сезона, со оглед дека имаше зголемен ангажман во врска со одржувањето на Меѓународната ликовна колонија „Мобилност 2025" во Охрид; -На Мобилност Тетово и Гостивар, им се одобрува сума од 50.000 денари за организирање на традиционален турнир во табла за лица со телесен инвалидитет на 07.11.2025 година; -По барање на Мобилност Гевгелија, на здруженијата им е поделена и презентирана поканата за учество на хуманитарна трка во Гевгелија.

На 15.12.2025 година се одржа дванаесеттата седница на Управниот одбор на Мобилност Македонија. По усвојувањето на дневниот ред, најнапред беше усвоен Записникот од претходната седница одржана на 10.10.2025 година, а потоа претседателот информираше за преземените активности во периодот помеѓу двете седници на Управниот одбор, меѓу кои за: -Одрѓаната 14-та меѓународна ликовна колоника „Мобилност 2025"; -За одржаниот состанок во Владата на РСМ со советникот на премиерот за социјални прашања Проф.д-р Лазар Јовевски и претседателката на координативното тело Снежана Трпевска, за тековната состојба во која се наоѓаат националните инвалидски организации, за блокираното финансирање и неможност за реализација на програмските активности, за гломазната администрација и фотокопирани финансиски и административни документи кои повеќекратно им ги доставуваме на службите во МСПДМ и повторно ни ги бараат, за еродирани права на лицата со инвалидност и носење на политики штетни за самите лица со инвалидност, меѓу кои и новата Методологија за проценка на инвалидноста од страна на експертите на Светска банка, а по барање на МСПДМ во кои се вклучени фактори на исклученост од добивање на парични надоместоци за одредена група на лица со инвалидност, што сметаме дека е неприфатливо и како сојуз ќе се бориме со сите расположиви средства против донесување на еден ваков документ, а побаравме и итна средба со Премиерот, Христијан Мицкоски. Претседателот Јовановски потоа информираше и за организираната Изложба на ликовни дела во „Порта Македонија" на 02.12.2025 година, за присуство на одбележување на 3. Декември во Владата на РСМ на која повторноја искористивме можноста да поразговараме со министерот за социјална политика, демографија и млади, Фатмир Лимани, за олеснување на процесот на отчетност и исплата на заостанатите 4 месечни рати на финансирање,

како и за организација на одбележување на 4. Декември – Ден на лицата со телесен инвалидитет на Македонија во Велес. Во натамошниот тек на седницата, беше потврдена донесената одлука по електронски пат.

По четвртата точка беа донесени повеќе одлуки меѓу кои: -за исплата на опремнина од две просечни месечни плати за остварување на право на старосна пензија за Љиљана Мицовска од Мобилност Кочани; -за тековни поправки во објекти за опоравок и рехабилитација во Охрид и набавка на еден бојлер како и потреба од прелепување на тоалетните школки во гарсоњерите каде истите се лабилни; -за надоместок од 10.000 денари нето сметајќи од 01.10.2025 година за дополнителен ангажман и зголемен обем на работа на секретарот на сојузот, Гораст Велковски; -за исплата на дотација за редовна дејност и отчетсност за истата согласно потпишаниот договор за финансирање на Мобилност Македонија со МСПДМ; -за исплата на регрес за годишен одмор (К-15) за 2025 година за сите вработени лица во износ од 60% од просечна месечна плата во републиката исплатена во последните 3 месеци; -за набавка на објект за опоравок и рехабилитација во Охрид да се формира комисија од 3 члена која ќе ја спроведе постапката. Овде се разви широка дискусија со повеќе различни мислења од членовите на Управниот одбор, едни беа за набавка на адаптиран објект за опоравок и рехабилитација во Охрид од средствата заштедени во минатите години за набавка на просторна сојузот, други сметаа дека тие средства треба да им се поделат на здруженијата преку зголемена дотација за редовна дејност, трети имаа став да се набави објект во Скопје, на што беше кажано дека цената на деловен простор во Скопје и сумата која ни е на располагање не може да гарантира ниту набавка на 25 метри квадратни. Претседателот Јовановски предупреди дека ова е значајна одлука што треба да ја донесеме ако не едногласно, тогаш барем со квалификувано мнозинство од бројот на членовите на УО и дека апсолутно не станува збор за поинакви интервенции од тие средства освен за капитални. Лично смета дека во овие тешки времиња мора да останеме рационални, единствении во носењето на сериозни одлуки, да се сослушуваме, почитуваме и соработуваме меѓусебно на најодговорен начин, и тоа очекува да се постигне меѓу најблиските соработници во органите на сојузот. Како и да е, Одлука за формирање на работна група и инвестирање на заштедените средства во капитална инвестиција не беше донесена, и остана да се донесе на наредната седница на УО; Беше донесена одлука за зголемување на волонтерски додаток на ангажираните волонтери во општинските здруженија на 7.000 денари со важност од 01.12.2025 година (за Гевгелија плус превозот на ангажираното лице која патува од с.Стојаково); -за исплата на надомест за ажурурање на веб страната на сојузот за 2025 година во висина од 8.000 денари за администраторот на страницата; -за висина на касов максимум во 2026 година од 20.000 денари; -за формирање на пописни комисии за спроведување на редовен годишен попис на средствата на Мобилност Македонија во Скопје и Охрид; -предлогот за линеарно зголемување на дотациите на општинските здруженија не доби доволен број на гласови и не се донесе; -датум за свикување на седница на редовно годишно Собрание на сојузот беше утврден ориентационо во првата половина на месец март 2026 година; -барањето од Мобилност Скопје за донирање на сума од 140.000 денари за одржување на предновогодишна прослава беше едногласно усвоено со назнака од канцеларијата да се испрати распоред на учесници од здружените членки (помеѓу 3 и 5 лица), и доколку на прославата не учествуваат планираните лица од здружените членки, за тој број да им се намали износот за партиципација на здруженијата кои ќе присуствуваат со поголем број на членови од определениот. Да се евидентира бројот на присутни лица на прославата од поделните здруженија.

*Б.Јовановски*

# ОДБЕЛЕЖАН 4 ДЕКЕМВРИ - ДЕН НА ЛИЦАТА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА

На 4.12.2025 година, во ресторанот „Гарденија“ во Велес, со пригодна свеченост беше одбележан 4 Декември - Ден на лицата со телесен инвалидитет на Македонија. На настанот присуствуваа околу 80 членови од сите општински и меѓуопштински здруженија од Мобилност Македонија, директорот на Ортопедски завод „Славеј“ – Горан Чалоски, медицински лица од Здравствен дом Велес и други гости. Настанот започна со интонација на химната на Република Македонија, како и химната на градот Велес. Потоа на присутните им се обрати градоначалникот на Велес, Марко Колев, а во отсуство на претседателот на Сојузот, Бранимир Јовановски, неговиот говор го прочита секретарот Гораст Велјовски, кој ви го пренесуваме во целост:

„Денес го одбележуваме 4 Декември – Денот на лицата со телесен инвалидитет на Македонија. Воедно, вчера го одбележавме 3 Декември, Меѓународниот ден на лицата со инвалидност, востановен од Обединетите нации во далечната 1981 година со цел подигање на свеста и зголемување на разбирањето за прашањата поврзани со инвалидноста и посветеноста кон обезбедување достоинство, права и благосостојба на овие лица.

Со оглед на тоа дека целта на одбележувањето на овие два значајни датуми за нашиот сојуз е слична, речиси идентична, ви се обраќам кумулативно, почитувајќи ги сличностите и разликите.

Темата на Обединетите нации за одбележувањето на 3 Декември за 2025 година беше „Поттикнување на општествата кои ги вклучуваат лицата со инвалидност за унапредување на општествениот напредок“. Таа беше инспирирана од Вториот светски самит за општествен развој, одржан во Доха, Катар,

во ноември годинава. На овој настан, светските лидери ја обновија својата посветеност кон праведен, поинклузивен и порамноправен свет, нагласувајќи ја инклузијата на лицата со инвалидност како централен елемент на општествениот напредок. Овој пристап ја одразува растечката свест дека вклучувањето на лицата со инвалидност не е само етичка цел, туку и клучен фактор за одржлив и траен развој.



На Самитот за одржлив развој, одржан во Њујорк од 25 до 27 септември 2015 година, официјално беше усвоена историски значајната нова агенда насловена: ‘Трансформирање на нашиот свет: Агенда 2030 за одржлив развој’. Агендата е во согласност со овие принципи, заснована на идејата дека никој не треба да биде изоставен, вклучително и лицата со инвалидност. Таа става посебен акцент на зајакнување на националните здравствени услуги и подобрување на инфраструктурата за да се обезбеди ефикасен пристап до услуги за сите. Подигнувањето на јавната свест за важноста на вклучувањето на лицата со инвалидност е клучно за забрзување на развојот на отпорно и инклузивно општество, кое ги елиминира родовите нееднаквости, ги подобрува образовните и здравствените услуги и промовира социјална, економска и политичка инклузија за сите.

Во Мобилност Македонија, како сојуз формиран и управуван од лицата со телесен инвалидитет пред 39 години, потполно сме свесни дека и покрај сите заложби за подобрување на правата и положбата на лицата со телесен и друг вид на инвалидитет, како во нашата држава, така и на глобално поле, реалноста е дека решавањето на овие прашања сè уште претставува голем предизвик и бара многубројни акции, како од нас, така и од институциите на државата. Сведоци сме дека и кај нас и во светот, лицата со инвалидност се соочуваат со значајни и постојани пречки: поголем ризик од паѓање во сиромаштија, ограничени можности за пристап до образование и пристојна работа, генерално пониски плати во однос на лицата кои не се соочуваат со некој вид инвалидност, недостатоци во системите за социјална заштита, бариери што ја попречуваат личната автономија и достоинство, празнини во системите за грижа и поддршка, нееднаков пристап до ортопедски помагала и асистивни технологии, како и опкружување и средини кои често се недостапни или не се многу инклузивни. Затоа, наша обврска, но и обврска на институциите на државата, е да се забрза напредокот во елиминирањето на сиромаштијата, продуктивното вработување и социјалната инклузија.

Тука сакам да ве потсетам на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со инвалидност, усвоена во Обединетите нации во 2006 година, а ратификувана од Собранието на Република Македонија на 5.12.2011 година, која дополнително ги промовираше правата и благосостојбата на лицата со инвалидност, потврдувајќи го принципот на еднаквост и потребата да се обезбеди нивно целосно и ефикасно учество во политичката, социјалната, економската и културната сфера на општеството. Конвенцијата ги повикува државите да ги идентификуваат и елиминираат пречките што го ограничуваат почитувањето на овие фундаментални права, нагласувајќи ја важноста на создавање услови што им овозможуваат на лицата со инвалидност да живеат независно и целосно да учествуваат во сите аспекти од животот.

Денес, 14 години по нејзината ратификација, не можеме да се пофалиме со крупни чекори во реализација и почитувањето на мерките пропишани во истата, како сојуз се уште правиме напори за задолжителна имплементација на мерките за пристапност во градежништвото, за воспоставување на адаптиран јавен градски и меѓуградски превоз, за изградба на пристапни објекти каде што се изведува настава од основно, средно и високо образование, за поволности при вработување и овозможување на професионална доедукација, преквалификација и рехабилитација, за унапредување на



здравствената политика и набавка на инструменти за подобра и инклузивна здравствена заштита, за право на пофункционални софистицирани ортопедски помагала... и што уште не.

Сите овие наброени недостатоци, и уште многу други, сами по себе ја определуваат патеката по која ќе се движи

Мобилност Македонија во следниот период, со интенцијата за подобрување на правата и положбата на лицата со телесен инвалидитет.

И покрај постојаните напори, преговори и преписки со институциите на државата за справување со мноштво од горенаведените предизвици, Мобилност Македонија од оваа година се соочува дополнително и со намалено и рестриктивно финансирање на сојузот и здружените членки, но не само ние, туку и сите национални инвалидски организации и нивните здружени членки. Иако и досега работевме транспарентно и секој направен трошок со целосна документација го доставуваме до Министерството за социјална политика, демографија и млади на отчет, начинот на отчетност од оваа година со потпишување на новиот Договор за финансирање претрпе големи измени, при што нашето вработено лице во сојузот троши многу енергија и време за пополнување на бараните ексел-табели и други обрасци. Сите преговори со министерот за социјална политика, демографија и млади, со советниците и претставниците од министерството, како и со советниците за социјална политика на премиерот Мицкоски, досега не вродија со плод, меѓутоа ние сме оптимисти дека за брзо време оваа состојба ќе биде надмината.



Дополнително, само пред неколку денови дознавме за пилот-проект изработен од експерти на Светска банка, а по барање на Министерството за труд и социјална политика, наречен ‘НАЦИОНАЛНА МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ПРОЦЕНКА НА ПОПРЕЧЕНОСТ’, кој во својата содржина, во анексите за остварување и задржување на одредени социјални надоместоци и права, нуди сериозни промени, дури и критериуми за исключување. Веднаш ја контактиравме и активиравме нашата Статутарно-правна комисија, го споделивме материјалот и интензивно работиме на изготвување и доставување на забелешки и сугестии на предложениот текст.

Слично е и со новиот Закон за професионална рехабилитација и вработување кој е постиран на страната на ЕНЕР, и при крај е терминот за поднесување на забелешки и сугестии. Ние уште пред 6 месеци, кога Законот беше во фаза на нацрт-текст, доставивме низа забелешки и сугестии за подобрување на текстот на законот, но, за жал, само мал број од нив се прифатени и вметнати во текстот. Искрено се плашам, доколку биде усвоен законот како предложениот, дека со укинувањето на бенефициите на работодавачите од заштитните организации, многу вработени лица со инвалидност ќе останат без работа. Ќе бидам најсреќен ако тоа не се случи и ако грешам во својата проценка.

Денот на лицата со телесен инвалидитет на Македонија, кој денес го одбележуваме, нè потсетува на важноста од вреднување на секој поединец и уривање на бариерите што ги ограничуваат нашите основни права. Тој претставува важна можност да се нагласи правото на секој човек на целосно и активно учество во сите области од животот: работа, култура, уметност и спорт. Ова е момент на размислување за човековото достоинство и потребата од елиминирање на сите видови бариери, промовирајќи конкретни промени за подобрување на квалитетот на животот на лицата со инвалидност. Конечно, овој ден претставува повик за акција за изградба на порамноправен и поинклузивен свет, каде што секој поединец, без оглед на неговите способности, може целосно да придонесе за напредокот на општеството. Сите наши активности и кампањи имаат само една цел, а тоа е да изградиме заедница со еднакви можности за сите, а со тоа да ја подигнеме јавната свест за солидарност, хуманост, емпатија и почитување на различностите.

Нека ни е честит 4 Декември – Денот на лицата со телесен инвалидитет на Македонија.

Манифестацијата продолжи со тематска работилница под мото ‘Поддршка, а не сожалување’ со излагање на Катерина Витановска и Марија Трајковска-Иванова, а заврши со работен ручек на присутните. Средства за одржување на овој настан беа обезбедени од Министерство за социјална политика, демографија и млади“.



*Б. Јовановски*

# 31. РЕПУБЛИЧКИ КВИЗ НАТПРЕВАР ЗА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА

На 20-21.09.2025 година, во хотелот „Струшки Галеб“ во Струга, се одржа триесет и првото издание на Републичкот квиз натпревар на лицата со телесен инвалидитет на Македонија. На квизот настапија тринаесет екипи од дванаесет здружени членки на Мобилност Македонија.

По одржаните четвртфинални натпревари, најдобрите осум екипи ги продолжија борбите во полуфиналните квизови, од кои пак четирите најуспешни се сретнаа во големото финале.

Најмногу знаење и годинава покажа екипата на Мобилност Скопје 1, со освоени 87 поени, која трет пат по ред го носи приматот за најдобри квизации од редот на лицата со телесен инвалидитет, овој пат во состав: Христина Просковска, Игор Неделковски и Шериф Шерифовски.

На второто место се пласира екипата на Мобилност Прилеп, во состав: Рубинчо Ристески, Тајна Ристеска и Мариче Јованоска со освоени 58 поени. Третото место и припадна на екипата на Мобилност Кочани за која настапи само Горан Војновски, со освоени 42 поени, а четвртото место и припадна на екипата на Мобилност Велес, во состав: Зоран Димов и Миланчо Арсовски, со освоени 37 поени. Овие четири екипи ќе бидат носители на четвртфиналните групи за следниот квиз натпревар кој ќе се одржи во 2026 година.

И оваа година, прашањата за квизот ги подготви Зоран Јорданов, техничка и компјутерска обработка на податоци, Тони Пајдаков, водител на квизот беше, Бранимир Јовановски, а за регуларноста на квизот се погрижи жири комисијата во состав Зоран Јорданов, Софка Прчева и Гораст Велковски.








По одржување на квизот, во вечерните часови се одржа и 28. Музички фестивал на лица со телесен инвалидитет, кој за разлика од претходните години имаше ревијален карактер, и на кој настапија 12 интерпретатори, лица со телесен инвалидитет, придружувани од нашиот оркестар „Феникс 86“. Со интерпретација на македонски народни песни се претставија: Игор Николовски од Скопје, Ѓорѓи Здравески од Прилеп, Гоце Миновски од Скопје, Иле Гичев од Струмица, Влатко Најдоски од Прилеп, Николчо Делов од Кавадарци, Христина Просковска од Скопје, Петре Јованов од Радовиш, Стеван Ангелески од Прилеп, Ванѓа Јованчева од Штип, Зорица Гочевска од Скопје и Ангел Апостолов од Велес.

*Б.Јовановски*

# ИНФОРМАТИВНА СРЕДБА ВО КЛУБ НА ПРАТЕНИЦИ ЗА НАЦИОНАЛНА МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ПРОЦЕНКА НА ПОПРЕЧЕНОСТ

На 23.12.2025 во Клуб на пратеници, со почеток од 10:00 часот, беше одржана информативна средба помеѓу претставници на МСПДМ и претставници на инвалидските организации и здруженија.

Министерството за социјална политика, демографија и млади (МСПДМ), во рамките на „Проектот за администрирање на социјалното осигурување", поддржан од Светска банка, го започна процесот на пилотирање на системот за проценка на лицата со попреченост, согласно Законот за системот за проценка на лица со попреченост.

Во рамките на таа активност планирано е спроведување на информативни средби со различни чинители со цел запознавање на активностите кои се преземаат од страна на МСПДМ со цел ефикасно спорведување на процесот на пилотирање и проценка за лица со попреченост.

По воведното излагање на Дрита Аслани, советник во Кабинетот на министерот за социјална политика, демографија и млади, презентацијата за процесот на пилотирање на нацрт методологијата за проценка на лица со попреченост ја образложи Горан Петрушев, од служба за функционална проценка на деца и млади со попреченост.



Во отворената дискусија по завршената презентација, критика на текстот на методологијата даде прртседателот на Мобилност Македонија, Бранимир Јовановски, истакнувајќи дека дел од текстот на методологијата не е прифатлив за членовите на сојузот, особено во анексите од методологијата во кои се опишува остварувањето на одредени социјални права и надоместоци. На пример, за остварување на правото на Надоместок за нега и помош од друго лице, авторите на текстот предвидуваат фактори на исклучување, односно се предлага лицето корисник да се одлучи дали ќе прима паричен надоместок за нега и помош, или ќе користи друга социјална услуга, меѓу која и право на личен асистент. Исто така, како фактор на исклучување е наведено доколку лицето може да се движи во домот со помош на ортопедски помагала (колички, ортози, протези) се исклучува од право на надоместок. Ова е целосно неприфатливо за нас.

Во однос на стекнување на право на Надоместокот за попреченост, во методологијата како критериум за исклучување, односно одбивање на право, е предвидено доколку лицето е работноспособно. Бранимир ги потсети присутните дека во 2010 година, како претставник на Мобилност Македонија, беше дел од работната група која ја предложи измената и дополнувањето на Законот за социјална заштита, која се однесуваше за донесување на ова право, и истиот надоместок од старт беше предвиден токму заради компензација на финансиските средства кои ги имаат лицата со најтежок телесен инвалидитет и потполно слепите лица (подоцна и на потполно глувите лица) како зголемени трошоци за социјализација и инклузија во општеството, а со оваа нацрт методологија се предвидува токму спротивното, односно овие активни лица со попреченост да бидат исклучени од ова право на компензација на трошоците, што е целосно неприфатливо.

Потоа фактор за исклучување од право на добивање на семејна пензија, наведено е доколку лицето со попреченост биде прогласено за работоспособно и може да заработи пари преку исплатена работа или доколку лицето може да се грижи за себе. Никој тука не се прашува каква е понудата на работни места, дали лицето е соодветно едуцирано, дали има вештини и знаења конкурентни на пазарот на трудот, дали може повеќе часови да биде активно во работниот процес без негативни последици по своето здравје, на колку годишна возраст е лицето, итн.

Претседателот на Мобилност Македонија, со оглед на тоа дека излагачите потенцираа дека проценката на лицата според оваа методологија ќе трае подолго отколку проценката што ја прават денешните комисии за добивање на мислење, постави неколку прашања и тоа:

►

-Колку комисии за проценка ќе постојат во државата(ако е една, проценката ќе биде спора и неефикасна)?

-За колку лица се предвидува дека ќе имаат потребата од проценка за попреченост (дали за сите 15% од популацијата, според статистиката на СЗО)?

-Ако треба сите лица со попреченост да го поминат процесот на проценка, тогаш како се планира истата да се реализира благовремено, ако знаеме дека денес лицата не можат да закажат контролни прегледи за продолжување на право на нега и помош од друго лице, или за надоместок за попреченост со месеци нанапред, а велат дека овој начин е побрз?

-Која е предвидена динамика за завршување на постапката (за колку време ќе заврши, бидејќи без соодветна проценка, лицата нема да можат да си ги остварат своите права)?

На слична линија во своите дискусии беа и претставникот на НСИОМ во Коордонативното тело за спроведување на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со инвалидност при Владата на РСМ, Кристијан Лазаров, како и претставникот на Сојузот на глуви, Васко Марков. Имаше и други дискутанти кои ги презентираа своите видувања.

Претставниците на министерството ја бранеа тезата дека ова методологија не определува право на надоместоци, и нема да предизвика никаква дискриминација, на што укажавме дека не е точно, бидејќи факторите на исклучувања се пишан составен дел на текстот на нацрт методологијата кој го добивме и кој денес го коментираме, и истите мора под итно да се избришат од нацрт методологијата, или да се корегираат во корист на лицата со попреченост.

Мобилност Македонија ќе ги достави своите забелешки и сугестии до изготвувачите на текстот и до МСПДМ, со надеж дека ќе бидат сериозно разгледани и целосно прифатени од институцијата.

*Б.Јовановски*









# ХЕРБАЛНО-ЕДУКАТИВНА РАБОТИЛНИЦА, „БРОДЕЦ 2025“

На 12.6.2025 година, во Бродец, Мобилност Македонија во соработка со „Билкилајф“ од с. Бродец, општина Чучер-Сандево, организираше еднодневна хербално-едукативна работилница на која присуствуваа триесетина членови од осум здружени членки на сојузот.

Во прекрасен амбиент и исклучително пријатни временски услови, на надморска височина од речиси 1.000 метри, во куќата на билките, менаџерот на „Билкилајф“, Марија Георгиевска, одржа куса едукативна работилница на која ги запозна присутните со благодатите на билките од чистата и недопрена природа, нивното позитивно влијание на здравјето, лечењето и подобрувањето на имунитетот на лицата се телесен инвалидитет, а самите членови имаа можност по сопствен избор сами да си приготват чаеви, комбинирани од повеќе билки, но и практично да се занимаваат со нега на билките во посебно подготвени садници за таа намена, користејќи специјално изработени алатки кои лицата со телесен инвалидитет непречено можат да ги користат при обработка и нега на садниците.

Потоа следуваше неврзан разговор помеѓу присутните исполнет со многу прашања до домаќините на средбата, како и дегустација на чаеви и канапеи приготвени од природни билки.

*Б. Јовановски*












# ПОРТА МАКЕДОНИЈА - ИЗЛОЖБА НА ЛИКОВНИ ДЕЛА 2025

На 2.12.2025 година, во „Порта Македонија" во Скопје, во организација на Мобилност Македонија, се одржа изложба на ликовни дела од Ликовната колонија Мобилност 2025, одржана во Охрид, од 9 до 15.10.2025 година.

Врамените дела имаа можност да бидат видени од дел од уметниците кои учествуваа на колонијата, членовите од здружените членки на Сојузот, како и нашите пријатели и поддржувачи на нашите активности.

Пред присутните гости се обрати претседателот на Сојузот, Бранимир Јовановски, а во името на уметниците говореше проф. Димитар Миладинов.

Настанот заврши со пригоден коктел.

Средства за организацијата на овој настан беа обезбедени од Министерство за социјална политика, демографија и млади.

*Б. Јовановски*






# ТЕМАТСКА СРЕДБА ВО СОБРАНИЕ НА РСМ

Поттикнување на инклузивни општества за лицата со попреченост за унапредување на социјалниот напредок



По повод Меѓународниот ден на лицата со попреченост и Меѓународниот ден на човековите права, на 11.12.2025 година се одржа настанат во Собранието на Република Северна Македонија. На овој настан зеде учество и Мобилност Македонија. Собранието во партнерство со Швајцарската програма за парламентарна поддршка, организира настан на темата „Поттикнување на инклузивни општества за лицата со **попреченост за унапредување на социјалниот напредок"**. Свое обраќање имаа претседателот на Собранието на РСМ – Африм Гаши, претседавачот на Интерпартиската парламентарна група за правата на лицата со попреченост г. Никола Мицевски, а како панелисти на овој настан свое обраќање имаа и:

- Ангелинка Петкова, пратеничка, Интерпартиска парламентарна група за правата на лицата со попреченост
- Снежана Трпевска, советник на Претседателот на Владата за унапредување на образованието, здравството, социјалната заштита и спроведувањето на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост
- Елена Кочоска, Зета - организација за попреченост и правда
- Љубиша Савески, професор во ДСУРЦ „Партенија Зографски“, добитник на наградата Ability Awards 2025 „Вработен во образованието“

*Горасӣ Велковски*



## ПРВ ЗАЕДНИЧКИ КОНСУЛТАТИВЕН ПЛАН (JWP)

На ден 25.11.2025 година, во просториите на Едукативен центар М6 во Скопје, се одржа значаен настан UN Joint WorkPlan Consultation, организиран од страна на Обединетите нации во Република Северна Македонија, под водство на претставници од UNICEF и WHO-Светска здравствена организација во земјата.

На овој настан беа претставени приоритетите на Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за образование и Министерството за здравство за 2026 година. Фокус на овој настан беа:

- Усвојување на Акцискиот план за Европската гаранција за децата;
- Реформа на социјалните услуги за поефикасен и подостапен систем;
- Заштита на децата и зајакнување на механизмите за нивна благосостојба;
- Општествена инклузија преку асистивна технологија за поинклузивно општество.

Мобилност Македонија зеде учество на овој настан и ги поздравува агенциите на ООН за континуираната соработка и посветеност кон социјалниот развој во нашата земја. Само преку силно партнерство можеме да креираме политики што носат одржливи промени за граѓаните, особено за најранливите.

*Горасӣ Велковски*





# ПРЕДНОВОГОДИШНА СРЕДБА НА ЧЛЕНОВИТЕ

На 21.12.2025 година, во ресторанот „Рагуза 919“, во Скопје, во организација на Мобилност Скопје, а со финансиска поддршка од Мобилност Македонија, се одржа традиционалната предновогодишна средба на членовите на Мобилност Македонија од сите здружени членки, се подразбира, најмногу присутни беа од Скопје и околината.

Во пријатна атмосфера и прекрасен музички амбиент, доловен од пријатните звуци на групата „Круна“ која традиционално ја поддржува оваа манифестација со години наназад, повеќе од 100 лица барем за кратко заборавија на секојдневните проблеми и со насмевка на лицето, разиграно и весело, со песна и оро се дружеа до доцните попладневни часови.

На предновогодишната средба покрај бројните учесници присуствуваа и претседателот на Мобилност Македонија, Бранимир Јовановски, секретарот Гораст Велковски, претседателот на Мобилност Скопје, Гоце Миновски, кој воедно и ја отвори средбата, потоа генералниот секретар на Параолимпискиот комитет на Северна Македонија, градоначалникот на општина Аеродром, Дејан Митревски, претседателката на НКТ при Владата на РСМ за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со инвалидност, Снежана Трпевска, проф.д-р Соња Бојаџиева, директорот на ЦОП “СЛАВЕЈ”, Горан Чаловски, Влатко Вукашиновски, и гостите од здруженијата на Мултиплекс склероза од Врање и од Лесковац.

Средства за оваа манифестација, која претставува класичен пример на социјализација и инклузија на лицата со инвалидност, беа обезбедени од Министерството за социјална политика, демографија и млади, и од други извори.

*Б.Јовановски*









# 15. РЕПУБЛИЧКИ ТУРНИР ВО ТАБЛА

На 7.11.2025 година, во организација на меѓуопштинското здружение на лица со телесен инвалидитет Мобилност Тетово и Гостивар, а под покровителство на Мобилност Македонија се одржа традиционалниот 15. по ред Републички турнир во табла во с. Брвеница во Тетово.

Оваа манифестација преминува во традиција, истата има рекреативен аспект и е со цел дружење и социјализација на членовите на сите општински и меѓуопштински здруженија во сојузот. Оваа година учество зедоа 16 натпреварувачи за Републичкиот турнир во табла. Прво место освои Горан Војновски од Мобилност Кочани, втор беше натпреварувачот Ванчо Каранфилов од Мобилност Скопје и трето место освои Никола Пеев од Мобилност Гевгелија.

Републичкиот турнир во табла е манифестација, која е дел од програмските активности на Мобилност Македонија, истата е финансирана и поддржана од Министерството за социјална политика, демографија и млади.

*Гораст Велковски*







# РАСЛОЈУВАЊЕ

Се сеќавам дека во единството е силата и дека за постигнување на целите се потребни лични и колективни самоодрекувања во интерес на сите. Перцепцијата за лицата со инвалидност (попреченост) не смее да биде обременета од личен профит или група на сметка на сите. Пред институциите на системот е потребна една агенда. Тука, како во приказната за таткото и седумте синови, кој ги советувал за нивната иднина, зел седум стапчиња и ги споил. Здружени, тие не можеле да бидат скршени. Но, кога ги издвоил секое посебно, лесно се кршеле.





Исто и кај нас. Партиите во својата агенда ги бараат најслабите „стапчиња“, и со подароци и ветувања ја разбиваат силата на единствениот приод. Така, за жал, наши членови тргнаа по тој пат, мислејќи себично на сопствените интереси. Нашиот народ рекол дека кога ќе биде некој/а искористен/а, ќе биде фрлен/а како „стара мивка“. Таму е нашето раслојување и можноста за загуба на нашите витални интереси и цели. Такви и не ни требаат. Во хирургијата има едно правило – Ubi pus, ibi evaquo (Таму кајшто има гној, да се отстрани). И кај нас треба да се отстрани штетното и непотребното, без милост, зашто таквите ќе го уништат нашето здраво ткиво. За опстанок во овие премрежиња, носењето на тешки одлуки понекогаш е неопходно во интерес на сите. Сплотени и посилни, ќе имаме поголема можност оптимално да ги оствариме нашите статутарни и програмски цели во интерес на сите.

Прим. д-р *Нико Јанков*

# ДЕФИЛЕ И РАБОТИЛНИЦА НА МОБИЛНОСТ БИТОЛА“

На 2 ноември 2025 година, Мобилност Битола успешно ја организираше и ја изведе манифестацијата традиционално Дефиле на Широк Сокак и работилница. Овој пат темите беа „Стоп за маргинализација и раслојување“ за дефилето, а „Плетење со чингелаќе“ за работилницата, која се одвиваше во два дела. Започна со практичен дел на 31 октомври, во клупските простории на Мобилност Битола, при што зедоа учество околу 16 членови и пријатели на здружението. За работилницата беа набавени средства – волница, чингелаќиња и разбој за почетници. Од особено значење беше присуството на членови на ЗУР „Македонски ракотворби“ од Битола, со чија помош за кратко време дури и почетници напредуваа и беа изработени првични експонати кои беа изложени на вториот дел од работилницата после дефилето.

На самата манифестацијата, за која беше изработен плакат и леток, според програмата, присутни беа и гости од Мобилност Куманово и Мобилност Штип, како и пријателите од ЗУР „Македонски ракотворби“.

Во присуство на електронски медиуми, претседателот прим. д-р Нико Јанков даде изјава во која го повтори значењето на оваа традиционална манифестација, и сегашната тема која драстично го нарушува единството и заедништвото во инвалидските организации и нивното организирано дејствување пред институциите на системот. Исто така, нагласено е и забрзаното раслојување на членството, особено на поединци и групи кои стануваат партиски активисти и со тоа се губи силата на застапување пред институциите на системот, односно тивко води кон растурање на националните сојузи на лицата со инвалидност.

После дефилирањето, учесниците продолжија во ресторанот „Корзо“ на работилницата, која исто беше во два дела. Модератор и еден од предавачите беше претседателот, кој накратко се осврна на најновите сознанија за оваа материја во нашата држава, општо и со трендовите кои не се во прилог за лицата со инвалидност. Потоа, со краток вовед во плетење со чингелаќе, се осврна на вроден и стекнат инвалидитет, и на состојба и процеси кои ги следат низ животот лицата со телесен инвалидитет. Во овој контекст беше нагласено многу поволното влијание на плетењето со чингелаќе кон одржување и кондиција на состојбата на лицата со инвалидност, посебно со телесен инвалидитет.

Вториот настап беше на нашиот долгогодишен пријател, проф. д-р Сашо Кочанковски, кој со многу богата и инспиративна презентација ги долови сите придобивки од плетењето, во одржување на позитивна состојба на општото ментално здравје. Проф. Кочанковски му даде исцрпна изјава и на дописникот на МИА во Битола, проф. д-р Марјан Танушевски, кој е исто така долгогодишен пријател и поддржувач на нашето здружение. Приемот кај присутните беше многу поволен, особено на нашите членки Симона и Билјана, на чија иницијатива ја организиравме оваа активност.

Сè на сè, една богата и содржинска активност, на која се надеваме во иднина ќе се приклучат што повеќе наши членови и пријатели. Во секој случај, задоволството од постигнатото е наше и се надеваме дека во севкупните напори да постигниме подобро утре за лицата со телесен инвалидитет, ваквите манифестации се добродојдени и корисни. Активностите продолжуваат.

Прим. д-р *Нико Јанков*









# ХУМАНИТАРЕН БАЗАР НА МОБИЛНОСТ БИТОЛА И ЗУР „МАКЕДОНСКИ РАКОТВОРБИ“ ВО „БЛИС МОЛ“

По повод Меѓународниот ден на лицата со попреченост – 3 Декември, како и по повод Националниот ден на Мобилност Македонија – 4 Декември и 10 Декември – Денот на Мобилност Битола, членови на Мобилност Битола и на нашите пријатели од ЗУР „Македонски ракотворби“ организираа дводневен хуманитарен базар, што се одржа на 6 и 7 декември во „Блис мол“ во Битола.

На базарот беа изложени бројни ракотворби исплетени во рамките на работилниците, што се одржуваат најмалку еднаш неделно во текот на изминатиот период. Од шалчиња и капчиња за деца и за возрасни, брошеви, навлаки за перничиња до чорапи, ракавици и бебешки ќебенца – посетителите имаа огромен избор создаден од вредните раце на нашите членки и пријатели, а важно е да се спомне и дека дел од изложените плетива беа донирани од „Плетена коцка“ од Скопје, како и од повеќе поединци кои срдечно ја поддржаа и помогнаа оваа иницијатива на „Мобилност Битола“.

За пофалба се заложбите на нашите членови: Биљана Тодоровска, Симона Јовеска и Дејан Милевски, како и Дијана Милевска и Ивона Јанкова, а особено нашите пријателки Зора Долеска и Сара Долеска, кои се можеби најголемите „виновнички“ за успехот на овој настан. Благодарност за одличната соработка на Снежана Јанкулова и Гордана Лазаревска од ЗУР „Македонски ракотворби“, а особена благодарност упатуваме и до „Блис мол“, како одлични домаќини на најпристапната локација во Битола, без ниту една физичка бариера.

Уште поважно е тоа што работилницата за плетење со чингелаќе продолжува со полна пареа и со секоја нова средба добиваме нови пријатели и поддржувачи. Веќе во подготовка е и Новогодишен базар, а во план е подготовка на осмомартовски и велигденски базар. Се надеваме дека трендот ќе продолжи и во Новата 2026 година, со уште позасилено темпо.

Прим. д-р *Нико Јанков*










# ЧЕТВРТА СЕДНИЦА НА НКТ ВО ВЛАДА НА РМ

На 1.7.2025 година, во работната сала при Владата на РМ, се одржа четвртата седница на Националното координативното тело за имплементација на конвенцијата за правата на лицата со попреченост(НКТ).

На седницата, покрај четирите точки на дневен ред за расправа на состанокот, како втора точка беа поставени иницијативите од страна на Мобилност Скопје, кои нашите претставници ги образложија пред членовите на телото односно;

- Предлогот за интероперативилност помеѓу министерствата и институциите преку нивните претставници во НКТ, за поефикасно канализирање на нашите потребите, брза информираност, солидна преносливост на информации како и метрички параметри за сработеното преку заедничка платформа-софтверска апликација или алатка за видливост,

- Учество на лицата со попреченост во системот и

- Остварување на дејството во контекст на потребите.

Овие барања поттикнаа бројни идеи, трагања по решенија и дебатирања помеѓу претставниците на НКТ со интенција за брз одговор и резултати на дело. На седницата, исто така, се говореше за двата нови закони кои се на повидок за изгласување (закон за вработување на лица со попреченост и закон за вработување на студенти )како и за пилот-програмата во изготвување, „рана детекција на лица со попреченост и нивна брза рехабилитација“.

*Христина П.*





# МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ НА ПЕТТА СЕДНИЦА НА НКТ

На 19 август 2025 година, во Владата на РМ, Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ООН, за унапредување на правата на лицата со попреченост, ја одржа својата петта редовна работна седница, на која се дискутираше за актуелни задачи, активности и предизвици.

На седницата беше поканета и се обрати националната координаторка за локална самоуправа Лилјана Затуроска, која се осврна на активностите од воспоставената заемна соработка, односно даде прелиминарни насоки дека ќе се работи на апсолутна пристапност во општините, ќе се работи на корекции на Законот за градби и домување, ќе се размислува сериозно за персонализираната-идентификациска инвалидска картичка и слично. Таа вети дека соработката со министерствата, координативното тело и сите релевантни институции ќе биде постојана и храбро ќе се дејствува кон остварување на барањата-иницијативите.

Од точките за дневен ред на седницата се направи сублимат за сработеното од претходните две седници, односно иницијативите и барањата на Мобилност Скопје, во соработка со останатите членови на Сојузите за лица со попреченост во НКТ, се веќе проследени до повеќе министерства, се работи на нив и има мошне позитивни одговори за изнаоѓање решенија за голем дел од нив.

Непоколебливо продолжуваме со нови активности и реализации, рече претседателката Снежана, која неуморно работи на сите полиња по коешто останатите едногласно се приклучивме кон целите за понатамошно дејствување.

*Христина П.*



# РАБОТИЛНИЦА НА ТЕМА „ПРИДОБИВКИ ЗА ЗДРАВЈЕ, МОДА ИЛИ ЗАБЛУДА ПРИ КУПУВАЊЕ НА ХРАНА“

На ден 30.6.2025 година, во просториите на Град Скопје, Комисијата за унапредување на правата на пациентите при Град Скопје, во соработка со Агенцијата за храна и ветеринарство на Македонија, беше одржана работилница на тема „Придобивки за здравје, мода или заблуда при купување на храна“. На работилницата Мобилност Скопје, како дел од комисијата за унапредување на правата на пациентите при град Скопје, зеде учество со својата претставничка Елизабета Васиљевиќ. Предавачи за темата на работилницата со свои излагања беа претставниците од Агенцијата за храна и ветеринарство на Македонија и тоа:



- државен советник за храна, г-ѓа Светлана Колариќ,

- државен советник за стручна поддршка и административно работење, г-ѓа Радмила Николовска,

- в.д. помошник раководител на сектор, г-ѓа Жанета Миоска и

- раководител, господин Никола Савовски.

На темата беше даден акцент за внимателност при купување на артикли кои треба да ги содржат сите елементи како што се: декларација, датум, состав, нутритивни својства, земја на потекло и друго.

Покрај храната беа посочени диеталните и енергетски напивки и чаеви.

Исто така се напомна за сајбер-измамите каде што директни учесници на рекламните измами се еминентни доктори и личности од јавниот живот.

Од страна на нашата членка беше посочено дека темата е мошне неопходна за лицата со попреченост и директно ги задира по однос на дијагнозите и здравиот начин на исхрана, односно постои потреба преку една интерактивна панел-дискусија темата да се образложи на посебен состанок каде што присуствуваат поголем број членови. За наше огромно задоволство, од страна на предавачите, поканата со задоволство беше прифатена, а господин Игор од Град Скопје, ја понуди салата на Град Скопје како локација за тој ден.

*Христина П.*





# ВО КРАТОВО ОДБЕЛЕЖАН 3 ДЕКЕМВРИ - МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ

Членовите на Меѓуопштинското здружение на лица со телесен инвалидитет на Куманово, Кратово и Крива Паланка, традиционално го одбележаа 3 Декември – Меѓународен ден на лицата со инвалидност, оваа година со акција на садење на зимзелени дрвја во Кратово.



На настанот присуствуваа повеќе членови на здружението од сите три општини на дејствување на здружението, и во пријатна атмосфера засадија повеќе од 20 садници, а по засадувањето на садниците, средбата продолжи со заедничко дружење.

*Б. Јовановски*

# ПРВ ИНФОРМАТИВЕН БИЛТЕН НА ПРОЕКТОТ „ВОЛОНТИРАЊЕ ЗА ИНКЛУЗИЈА И ЗАЈАКНУВАЊЕ ПРЕКУ СПОРТ“ (VIEWS)

На 27.6.2025 година Параолимпискиот комитет на Северна Македонија го доби првиот Информативен билтен на проектот „Волонтирање за инклузија и зајакнување преку спорт“ (VIEWS). Проектот VIEWS има за цел да се справи со значителниот недостаток на свесноста и имплементација на инклузивни волонтерски програми во рамките на редовните (не специјализирани за попреченост) спортски организации. Целта е да се овозможи на спортските организации и лицата со попреченост, како корисници, да се вклучат и да придонесат кон поразновидна и поенергична спортска заедница. Инклузивното волонтирање не само што овозможува активно учество во настани, секојдневна работа и активности, туку и се усогласува со пошироките општествени напори за создавање пристапни и пријателски средини. Признавајќи ја моќта на индустријата за забава како одраз на општествените вредности, присуството на лица со попреченост како волонтерски модели на однесување носи видливост и создава повеќе можности и на личен и на професионален план.




Повеќе детали за проектот на следниот линк:

http://fsrim.org.mk/.../2025/07/views-newsletter-mkd.pdf

*Б. Јовановски*



# РАБОТЕН СОСТАНОК СО МЕНАЏЕРИТЕ НА ПРОЕКТОТ VIEWS

На 2.6.2025 година, во просториите на сојузот, се одржа работна средба помеѓу претседателот на ПКСМ, Бранимир Јовановски, генералниот секретар, Драган Дојчиновски, и проект-менаџерот, Нада Рочевска и асистент менаџерот, Ангел Стаменковски, кои го спроведуваат проектот за волонтерство во спортот наречен VIEWS, каде ПКСМ е партнер-организација.



На состанокот, проект-менаџерите дадоа куса информација за досегашната динамика на спроведување на проектот, за идните планирани активности, за потребата од дисеминација и објавување на материјали во врска со проектот, како и идеја дали поединци, лица со инвалидност, можат да бидат дел од тимот на волонтери на претстојните Европски младински олимписки игри кои ќе се одржат во Скопје.

*Б. Јовановски*

# ЧЛЕНОВИТЕ НА МОБИЛНОСТ ГЕВГЕЛИЈА ГО ОДБЕЛЕЖАА 3 ДЕКЕМВРИ -МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Членовите на Мобилност Гевгелија го одбележаа3ти Декември - Меѓународниот Ден на лицата со попреченост и 4 ти Декември денот на лицата со телесен инвалидитет На овој ден беше одржана Трибина на на тема: Инклузија наспроти ексклузија, сегрегација, дискриминација и нееднаквост на лицата со телесен инвалидитет во ГевгелијаНа настанот присуствуваше претставник од Општина Гевгелија, претставник од медиумот Телевизија Нова Гевгелија и членови на Здружението на лица со телесен инвалидитет Мобилност Гевгелија кои јавно и отворено го изразија своето мислење пред присутните предложија одредени барања до претставникот на општината се со цел да се подобри мобилноста инклузијата и секојдневието на лицата со телесен инвалидитет.



По завршувањето на трибината членовите на Мобилност Гевгелија беа почестени со ручек - донација од угостителски објект од Стојаково, а за возврат им беше доделена Благодарница исто така Благодарница беше доделена и на г-ѓа Ангелина Петкова пратеник која придонесе со парична донација од исто така беше упатена благодарност и до општините Гевгелија и Богданци за огромната подршка и меѓусебната соработка а како медиум со благодарница беше наградена и Телевизија Нова која изразува голема солидарност и поддршка на Мобилност Гевгелија. Исто така благодарници и дипломи беа доделени и на сите членови кои придонесуваат за работењето на Здружението Мобилност Гевгелија.



*Валерија Пеева*

# РАБОТНА СРЕДБА ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ОН ЗА ИЗБОРНИОТ ПРОЦЕС

На 27.8.2025 година, со почеток во 12 часот, се одржа заеднички работен состанок на претставниците на инвалидските организации и здруженија со неколку агенции на ОН, на која присуствуваше и г-ѓа Рита Колумбија, постојан координатор на тимот на ОН во државата.

пристапноста на гласачките места и кои се главните предизвици со кои се среќаваат лицата со инвалидност во изборниот процес, кои се нивните потреби и приоритети, како и кои активности се планираат да се преземат за подобрување на состојбата и како ОН може најдобро да помогне.



Од Мобилност Македонија на состанокот присуствуваа претседателот на Сојузот, Бранимир Јовановски, и членот Горан Спасов, обучувач за спроведување на избори од ДИК, кои зедоа активно учество во дискусијата поврзана со остварувањето на избирачкото право на лицата со инвалидност,

За време на двочасовната работна средба се разви мошне конструктивна дискусија, на која заради лимитираното време на траење не можеа да се отворат сите прашања, па учесниците на состанокот се договорија за одржување на следна средба во блиска иднина.

*Б. Јовановски*

# ОДБЕЛЕЖАН 10 ОКТОМВРИ ВО ОПШТИНА БОГДАНЦИ И ДОДЕЛЕНА ПЛАКЕТА ЗА УСПЕШЕН АТЛЕТИЧАР

По повод 10 Октомври, ден кој го слави општина Богданци, по повод Ослободување на градот 10 Октомври, е означен како патронат на Градот. Овој ден беше одбележан со многу активности како што се: положување свежо цвеќе на паднатите борци, улични трки, спортски натпревари, учество на културно уметнички друштва и многу други, на овој настан беа поканети и членови на Мобилност Гевгелија.

На настанот беа присутни уметници, советници, од општините и, граѓани од Богданци и околните места, каде што градоначалникот на општина Богданци, господинот Блажо Шапов, ја отвори свеченоста со истакнување и доделување дипломи и благодарници на успешни спортисти и уметници од општина Богданци, а како најуспешен атлетичар со постигнат висок успех како на Републичко така и Меѓународно ниво и афирмација на општина Богданци, на Никола Пеев, член на Мобилност Гевгелија, му беше доделена плакета како мотивација за многу поголеми успеси во иднина.

*Валерија Пеева*



# ПОСЕТА НА ИСТОРИСКИОТ МУЗЕЈ ВО СТАРО КОНСКО НА ЧЛЕНОВИТЕ ОД МОБИЛНОСТ ГЕВГЕЛИЈА



На почеток на месец септември, во организација на Здружението на планинари и спортскиот клуб „Кожуф“ од Гевгелија и Фондацијата „Ице Бегов“ од Гевгелија, во чест на планинарот Томе Шутов Кротки, кој има потекло од с. Стојаково/ долгогодишен планинар, кој има искачено многу планински врвови, организираа еднодневна екскурзија со посета на домот на културата историскиот Музеј „Томе Шутов Кротки „кој се наоѓа во с Конско или поточно наречено историско Конско, што се наоѓа на падините на планината Кожуф Гевгелија.

Со посетата на овој Музеј, членовите освен што уживаа во природата, исто така, се информираа за историјата на Историско Конско постоењето на овој Музеј кој во неодамнешни години, пред почетокот на Втората светска војна било училишна зграда, тоа можеше да се заклучи и по самите историски дела, стари географски карти, училишните клупи од старо време сочувани во овој музеј.

Толкувачи и соговорници на овој настан беа долгогодишни членови на планинарското Здружение, кор всушност се и основачи на Здружението на планинари. По завршување на дискусијата членовите уживаа со добра музика и скромен ручек подготвен од организаторите на настанот.

По завршување на настанот, членовите безбедно беа вратени до своите домови со специјалното возило за лица со инвалидитет, коешто е донација на Општина Гевгелија од Фондацијата „Ице Бегов“ и е наменето за сите лица со инвалидност од општина Гевгелија. Исто така, во дворот на Музејот беше изграден и специјален тоалет за инвалидни лица и лица со количка, изграден од многу локални приватни бизниси, основни училишта во општината, а најголем придонес за неговата изградба презеде Фондацијата „Ице Бегов“.

*Валерија Пеева*

# ОДРЖАН ПРЕДНОВОГОДИШЕН БАЗАР ВО ГЕВЕЛИЈА




Во организација на Општина Гевгелија традиционално секоја година се одржува предновогодишен базар. Право на учество на оваа манифестација имаат сите организации од граѓанскиот сектор, кој претходно ќе доставаат барање до општината.

Предновогодишниот базар се одржува неколку дена пред дочекот на новата година, а Здружението на лица со телесен инвалидитет Мобилност Гевгелија учествуваше на оваа манифестација со свој штанд, на кој се продаваа украси добиени од спонзори и разни слатки подготвени од членови на Мобилност Гевгелија.

Пред одржувањето на овој настан односно пред поставување на новогодишните украси на штандот за продажба, членовите на здружението одржаа краток состанок во

просториите на здружението, и ги направија последните подготовки за овој настан. Истиот ден беа доделени новогодишни пакетчиња на најмладите членови на Мобилност Гевгелија.



На плоштадот во центарот на Гевгелија беше одржана и манифестација со дочек на Дедо Мраз, на која настапија повеќе играорни групи со учество на деца од основните училишта во општината.

На самиот крај од новогодишниот базар претседателот на Мобилност Гевгелија, им се заблагодари на спонзорите кои го подржаа здружението со новогодишни украси и, пакетчиња за најмладите членови, меѓу кои: ОУ „Кирил и Методиј“ Стојаково, стоковна куќа „Аџико“ Гевгелија и многу други.

*Валерија Пеева*

# ОДРЖАНА ТРЕТАТА ИНКЛУЗИВНА ТРКА ВО ГЕВГЕЛИЈА „RUN TOGETHER“

Во организација на Фондација „Ице Бегов“ и АК „7 Ноември“, по трет пат беше одржана третата инклузивна трка во Гевгелија **„Run Together“.** Во чест на Денот на ослободувањето на Гевгелија се одржа спортско славење, познатите улични трки низ Гевгелија, со бројни учесници, публика и поддржувачи. Настанот беше во организација на Атлетски клуб „7 Ноември“, Гевгелија Фондација „Ице Бегов” и Општина Гевгелија. Настанот беше организиран за повеќе групи на учесници од основните и средните училишта во Општина Гевгелија На настанот имаше шест трки, две за возрасни на патека од 5 и 10 километри, три детски трки во должина од 1 километар и за прв пат инклузивна трка „Run together“, во која учествуваа лица со попречености и нивни поддржувачи и лични асистенти.





На настанот зедоа учество 60 атлетичари од 15 светски земји со што трката беше од меѓународен карактер.

Најмногу поддржувачи и навивање имаше за инклузивната трка што се одржува за првпат во Гевгелија и во Македонија.

Пораката беше: „Сите сме заедно, сите трчаме, сите се радуваме на празникот 7 Ноември, Денот на ослободувањето на Гевгелија На трката зедоа учество многу здруженија на граѓани, Мобилност Гевгелија и членови на Фондацијата „Ице Бегов“.

За учесниците од Мобилност“ Гевгелија и членови на Фондацијата „Ице Бегов“, на крајот на трката на секој од учесниците, покрај спонзорираните спортски маици, беа наградени со медали, бидејќи и покрај инвалидитетот и тешката состојба со подвижноста, ја истрчаа предвидената патека од 1 км.

Со тоа упатуваме огромна благодарност на поканата за учество од страна на Фондацијата „Ице Бегов“ од Гевгелија. Благодарност до Атлетски клуб „7 Ноември“ Гевгелија и Општина Гевгелија.

По завршување на инклузивната трка дел од членовите беа во посета на градскиот музеј познат како „Амам Гевгелија“ и на изложба на уметнички дела насликани од уметникот Роза Мојсовска.

*Валерија Пеева*

# РЕАЛИЗИРАНА ЕДНОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ВО ДОЈРАН ЗА ЧЛЕНОВИТЕ НА МОБИЛНОСТ ГЕВГЕЛИЈА

Кон средината на месец октомври, по програмата на Здружението Мобилност Гевгелија беше предвидена еднодневна екскурзија и посета на излетничкото место Дојран со вежби во природа, изведени со искусен Фитнес инструктор. Покрај оваа активност во природа беше одржан и риболовен натпревар. По завршување на овие активности членовите имаа можност да се освежат и да прошетаат низ паркот на Дојран покрај езерото.




По завршување на настанот, членовите од Мобилност Гевгелија беа вратени во своите домови со специјалното возило од Фондацијата „Ице Бегов“.

*Валерија Пеева*

# НОВО ПАРТНЕРСТВО ЗА ПОХУМАНА И ИНКЛУЗИВНА СТОМАТОЛОШКА ГРИЖА

Повеќегодишната соработка со Клиниката за стоматологија, иницирана од страна на нашиот член Стефан - вработен во неа, овозможи на ден 27.7.2025 година „Мобилност Скопје“, претставувано од претседателот Гоце Миновски и неговиот тим со ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон“, претставувано од в.д. директорката - професор Јулијана Николовска и професор д-р Сашо Јовановски, да потпишат Меморандум за соработка и Протокол за заедничка реализација на активности.



Целта на ова партнерство е:

- Подобрување на пристапноста за лицата со попреченост, односно обележано паркинг-место непосредно до влезот на клиниката, соодветна рампа за влез, врати со точни димензии, приспособен кабинет со мобилен стол, приспособена соба за анестезија, достапен рендген апарат за снимање (кој е во тек за набавка), пристапен шалтер за администрација и приспособен тоалет.

- Унапредување на условите за стоматолошка грижа (секој член од Мобилност Скопје со жолтата членска карта како документ за идентификација, ќе може да се лекува на Клиниката, односно ќе може да избере свој матичен стоматолог на шалтерот во административното биро или да остане кај својот дотогашен матичен стоматолог, па со упат да биде насочен за лекување во клиниката по потреба наспрема природата на лекувањето).

Условот за користење партиципација при лекување останува со истите начела како кај сите матични стоматолози кои соработуваат со ФЗОМ.

- Јакнење на инклузијата и достоинствениот третман(заемно учество на активности организирани од двете страни за добробит на обете страни, потенцирање на јавноста за еднакви можности како и давање придонес во настани организирани за општото добро на засегнатите во заедницата).

Овој меморандум ги постави темелите за соработка помеѓу двете страни, но Протоколот ќе трпи промени и дополнувања во иднина наспрема потребите и можностите на Клиниката и нашето здружение, истакнаа директорката Јасмина

►

и претседателот Гоце во присуство на останатите присутни во кабинетот.

Ваквиот огромен подвиг на Клиниката за стоматологија, а успех за Мобилност Скопје, претставува пример во која насока треба да се движи борбата на двигателите во заедницата за правилен и достоинствен живот на лицата со попреченост.

- Закажување преглед преку својот матичен стоматолог на mojtermin.mk, тел.075435445 (работни денови од 8 : 00 – 14 : 00) -info@univdentalclinic.org.mk

*Христина П.*



# ПАНЕЛ-ДИСКУСИЈА ЗА МЕЛАНОМ

„Мобилност Скопје“ на 3 септември, во амфитеатарот на УКРО, имаше можност да биде дел од настанот во организација на Здружението ХЕМА-ОНКО, кое во соработка со Универзитетската клиника за радиотерапија и онкологија, професори и доктори – реномирани експерти во своите области, ја организираа панел-дискусијата под наслов,

„Меланом под лупа“.

Настанот беше посветен на меланомот, со фокус на рано препознавање, дијагностика, третман и достапност на современи терапии.

Панелисти со свои излагања на средбата беа:

• Прим. Д-р Зорица Зафировиќ, дерматовенеролог – ЈЗУ Универзитетска клиника за Дерматологија

• Д-р Магдалена Богдановска-Тодоровска, патолог и вонреден професор – Институт за Патологија, Медицински факултет

• Доц. Д-р Невена Маневска, специјалист по нуклеарна медицина – Универзитетски институт за позитронско-емисиона томографија

• Д-р Игор Стојковски, онколог, вонреден професор – директор на ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија

• Асс. д-р Маја Иванова, онколог

ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија.

- Редовно следење на сите промени на кожата, односно народски кажано бемки (боја, големина, форма, иритација, болка и сл.), рана и правилна дијагностика, навремено и точно испитување, брза интервенција, соодветни лекови, се советите кои треба да се знаат како препораки и заклучоци за успех во третирањето на меланомот, апсолвирани за нас од овој исклучително едукативен настан.






Нашето здружение останува на оската да ги следи сите збиднувања неопходни за своите членови и продолжува да истражува нови хоризонти кои даваат информација плус за поголема здравствена хигиена на секој од нас.

*Христина П.*

# МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ НА РАБОТИЛНИЦА ВО ВРАЊЕ

Деценискатa соработка и активното дружење со здружението „МС Пчињски округ Врање“, продолжува да се негува континуирано. По тој повод, со претходна покана, Креативната работилница при Мобилност Скопје, од 29.9 до 2.10.2025 година, со неколку свои члена, учествуваше на нивната меѓународна креативна работилница во Врање. На тридневниот настан се изработуваа предмети во техника декупаж, се разменуваа искуства, се спојуваа знаења од повеќе креативци на едно место: Секојдневијата изобилуваа со дружење и забава и низ сето тоа се проткајуваше вкусот на кујната од југот на соседна Србија.



Нашата работилница им се заблагодарува на домаќините од Врање за прекрасно поминатите денови и упорно продолжува да ги негува уметничките активности како еден од приоритетите за здрава психофизичка потреба на телесните инвалиди.

*Христина П.*





# ЧЕКОР КОН МАШКОТО ЗДРАВЈЕ - ОНКОЛОШКИ И КЛИНИЧКИ ПЕРСПЕКТИВИ

Континуираната соработка на Мобилност Скопје, со пријателите од здружението „Хема Онко“, продуцира предзнаења, превенција, дијагноза, начини на дејствувања, третирање и севкупна едуцираност во областа на гранката од медицината-онкологија. За жал, во нашето здружение има членови кои покрај телесната попреченост, потенцијални или веќе атакувани се од секундарни дијагнози и токму затоа едукациите за запознавање со онколошките заболувања се секогаш добродојдени, односно помагаат во полесно справување со нив. Од овие причини панел-дискусиите и трибините на кои сме поканети кај „Хема Онко“, претставуваат исклучителна потреба за нас. Во текот на изминатиот период дознавме за карциономот на дојка, меланомот, вакцинацијата како превенција од теш-



ки заболувања и уште многу подгрупи на онкологијата, а на последната панел-дискусија да се запознаеме со една можеби и најактуелна тематика за нашите членови, посветена на машкото здравје.

На 25 ноември, во амфитеатарот на ЈЗУ Универзитетската клиника за радиотерапија и онкологија, Мобилност Скопје присуствуваше на настан организиран од страна на здружението „Хема Онко“ под наслов:

Панелисти кои зедоа учество на дискусијата беа:

- Д-р Игор Стојковски, онколог, вонреден професор, директор на ЗУ УКРО

- Проф.д-р Симонида Црвенкова, раководител на одделение за малигни тумори на бели дробови, медијастинум и плевра.

- Д-р Ирфан Исманли, надворешен соработник, Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија



„Чекор кон машко здравје - онколошки и клинички перспективи“

Настанот беше организиран во рамки на месецот посветен на машкото здравје, на кој што се говореше за важни теми поврзани со ракот на белите дробови, простата и тестиси. Раното дијагностицирање и превенцијата, секако се основата на секаков вид заболување, но прашањата кои често се премолчуваат како доцно барање лекарска помош, влијанието на загадувањето, стравовите по дијагностицирање, пристапот до терапии, сексуалниот живот, плодноста... беа главните проблеми кои се проследени, но и честопати одлучувачки во справувањето на машкиот пол со гореспоменатите видови заболувања. Токму за оваа тема беше отворена панел-дискусијата од страна на панелистите и присутните, во правец на пронаоѓање методи за нивно надминување, но и како поттемите да не останат на маргините, односно да се постават предизвици за разбивање на стереотипноста и стигмата кај машката популација.

- Спец. д-р Вита Стојменовска, раководител на одделение за малигни тумори на уринарен и генитален тракт кај мажи

- Д-р Огнен Ивановски, виш научен соработник, Универзитетска клиника за урологија

- Спец. д-р Спасе Јанев, директор на ЗУ Здравствен дом Железничар.

Во неформалниот дел од настанот, со дел од учесниците остваривме директни контакти кои совршено ќе ни помогнат овој професионален кадар, секој во својата област, го поканиме да учествува на следна панел-дискусија во организација на Мобилност Скопје, каде што членовите ќе имаат можност да ги добијат сите потребни информации и одговори на нивните прашања со кои се засегнати.

Соработката на Мобилност Скопје со „Хема Онко“ апсолутно ќе ја продолжиме во иднина, а полето на дејствување ќе го прошируваме со секој следен настан.

*Христина П.*

# ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МЕЃУНАРОДНИОТ ПАРАОЛИМПИСКИ КОМИТЕТ, ЕНДРЈУ ПАРСОНС (ANDREW PARSONS), ВО РАБОТНА ПОСЕТА НА МАКЕДОНСКИОТ ПАРАОЛИМПИСКИ КОМИТЕТ

Претседателот на Меѓународниот параолимписки комитет, Ендрју Парсонс (Andrew Parsons), од 24 до 27.3.2025 година беше во посета на Параолимпискиот комитет на Северна Македонија, во рамките на неговата турнеја низ земјите од Југоисточна Европа, која започна на 22.3.2025 година во Црна Гора, а по посетата на нашата држава, претседателот Парсонс ќе ги посети и Параолимписките комитети на Србија и на Босна и Херцеговина.

Во мошне пријателска и пред сè работна атмосфера, веднаш по пристигнувањето на претседателот Парсонс, одржавме работен состанок на кој дискутиравме за воочените проблеми со кои се соочува македонскиот параолимписки комитет, а кои се лимитирачки фактор за масовно вклучување на млади лица со инвалидност во спорт и во рекреативни активности, а едни од водечките се:

- непристапност на спортски објекти поради архитектонски бариери;

- недостаток на опрема и специфични спортски реквизити;

- недостаток на адаптиран јавен превоз, градски и меѓуградски;

- недостаток на посебни образовни програми за работа на часови по физичко образование со деца и младинци со инвалидност;

- недоволно едуцирани тренери за работа со спортисти со инвалидност;

- недоволни финансиски средства.



Претседателот Бранимир Јовановски истакна дека нашиот комитет во повеќе наврати има организирано тркалезни маси на кои присуствувале претставници на нашите клубови, претставници на институциите, спортски работници, и на нив биле донесени повеќе заклучоци во однос на реализирање на посебни мерки за надминување на оваа состојба и поактивно и помасовно вклучување на младите лица со инвалидност во физички активности, како што се:



- Целосно спроведување на законските одредби во сите области, а особено одредбите од Правилникот за непречена пристапност до и во градбите, како и градење на опкружување еднакво за сите;

-ЗЕЛС (Заедница на единиците на локалната самоуправа) да апелира до сите единици на локалната самоуправа во Македонија, истите по примерот на Градот Скопје (каде што има три пристапни училишни сали за вежбање на лицата со инвалидност), да дизајнираат достапни училишни спортски сали, да ги опремат со неопходна спортска опрема и специфични уреди, и да овозможат непречено изведување на вежби, тренинг и обука на младите лица со инвалидност;




- Факултетот за физичко образование, спорт и здравје да воведе дополнителна едукација за своите студенти (како редовна настава или факултативно), за пристапот и методите при работа со различни видови и различен степен на инвалидност во различни спортови;

- Вклучување на различни профили на професионалци (тренери, психолози, педагози, дефектолози, лекари, физиотерапевти, нутриционисти...) во тимови кои ќе работат најнапред на вклучување на младите лица со инвалидност во физичките вежби, а потоа и спроведување на тренажен процес и спорт;

- Воспоставување на база на податоци за лицата со инвалидност;

- Министерството за социјална политика, демографија и млади да ја препознае и зајакне поддршката на Параолимпискиот комитет за социјална инклузија на младите лица со инвалидност преку физички вежби и спортување, со директна и зголемена финансиска поддршка на соодветни програми;

- Министерството за спорт да продолжи со континуирана и зајакната финансиската поддршка на програмите за ама-

терски и врвни спортови за спортисти со инвалидност;

- Институциите во државата да поддржат и иницираат кампањи, јавни настапи и форуми за подигање на свеста за потребите на лицата со инвалидност за физичка активност и нивно социјално вклучување во општеството преку физичка вежба и спорт;






Вториот ден од посетата, во раните утрински часови, беа организирани интервјуа со претседателот Парсонс, но и со претседателите на Параолимписките комитети на Хрватска, Ратко Ковачиќ, и на Црна Гора, Игор Томиќ, (кои исто така беа во дводневна посета на македонскиот параолимписки комитет), со новинари од печатени и електронски медиуми, а потоа и работен состанок со министерот за спорт, Борко Ристовски, во просториите на министерството. Во една отворена и конструктивна дискусија за потребата од занимавање со спорт за лицата со инвалидност, министерот Ристовски истакна дека министерството се обидува да пружи максимална поддршка на спортските федерации, клубовите и индивидуалните спортисти на транспарентен начин со барање на отчет и постигнати резултати, за почеток не во смисла на постигнување на екстра врвни спортски резултати (што воедно не е и невозможно), туку со масовно вклучување на децата и младите во спортските клубови и менување на навиките на пасивност, неактивност и поминување на голем дел од времето на социјални мрежи и видеоигри. Таква поддршка му е дадена и на македонскиот параолимписки комитет, на дел од неговите здружени клубови и на врвните параолимпијци и таа поддршка ќе продолжи и во иднина. Претседателот на ИПЦ, Парсонс истакна дека инклузијата на лицата со инвалидност преку спорт е мошне важна работа и дека очекува максимална поддршка од државата кон македонскиот параолимписки комитет, не само за финансирање на врвниот спорт, туку и за одредени програми за промоција на вредностите на параолимпизмот и масовно вклучување на лицата со инвалидност во спорт преку обезбедување на соодветни услови и финансии за тоа. Министерот Ристовски побара македонскиот параолимписки комитет во најскоро време да изготви конкретно барање, а тие како министерство ќе го разгледаат и подржат во рамките на можностите.

Потоа нашите гости се сретнаа со претседателот на Олимпискиот комитет на Северна Македонија, Даниел Димовски, при што беше истакната исклучителната соработка помеѓу двата комитета, но и предложени конкретни идеи за аплицирање на заеднички проекти за афирмација на спортот на лицата со инвалидност преку програмата на Ерасмус+.

Претседателот на Македонскиот параолимписки комитет, Бранимир Јовановски, им врачи плакети на ценетите гости за долгогодишната успешна соработка на полето на развојот и афирмација на спортот на лицата со инвалидност, со надеж дека таа соработка и понатаму ќе трае и ќе се надоградува.

Исто така во салата „Јане Сандански“ присуствувавме на дел од тренингот на кошаркарите во колички, каде што претседателот Парсонс имаше можност да се запознае со оваа активност на параолимпискиот комитет и желбата еден ден овие натпреварувачи да заиграат во NLB WILL Лигата.

Голема чест за нашиот комитет е посетата на претседателот на ИПЦ, Ендрју Парсонс, ова е првпат таков висок гостин и влијателна личност да го посети нашиот комитетот и нашата држава, па искрено се надеваме дека ова нема да биде и последен пат, и дека укажувањата за време на работните средби ќе вродат со плод.

Голема благодарност и до колегите од НПК на Хрватска, Ратко Ковачиќ, и на претседателот на НПК на Црна Гора, Игор Томиќ, за посетата и несебичното залагање за подобрување на состојбата и инклузија на младите спортисти со инвалидност во спортски активности.

*Б. Јовановски*

# ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРАОЛИМПИСКИ КОМИТЕТ, РАЈМОН БЛОНДЕЛ, ВО ДВОДНЕВНА ПОСЕТА НА НПК „МАКЕДОНИЈА“

Претседателот на Европскиот параолимписки комитет, Рајмон Блондел, од 24 до 26.5.2025 година изврши посета на Параолимпискиот комитет на Македонија.



Неговата посета ги вклучуваше Македонија, Косово и Албанија, а причината беше да се информира за работата на нашите комитети и предизвиците со кои се соочуваме при вклучување на младите лица со инвалидност во параолимпизмот, начинот на финансирање на комитетот и здружените членки, организација и спроведување на активностите и спортските натпревари.



Во повеќечасовниот разговор разменивме искуства и закажавме работни состаноци со министерот за спорт, Борко Ристевски, со кого разговаравме за поддршката којашто државата може да ја пружи за помасовно и организирано вклучување на младите лица со инвалидност во спортски активности, вклучување во тренажен процес и настап на домашни и меѓународни натпревари.

Како комитет имаме целосна поддршка од страна на министерот Ристовски, кој меѓу другото истакна дека во рамките на законските можности ќе ни ја пружи максималната поддршка и побара да му доставиме Стратегија за развој на параолимпискиот спорт во нашата држава.



Потоа беше организиран работен состанок со претседателот на Олимпискиот комитет на Македонија, Даниел Димовски, на кој ја апострофиравме досегашната успешна соработка и заемно почитување со можност таа да се интензивира во следниот период.

*Б. Јовановски*



# ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ВО СТРЕЛАШТВО 2025

На 14.6.2025 година, на стрелиштето „Бејбунар" во Охрид, во организација на Националната федерација за спорт и рекреација на инвалидите на Северна Македонија - Параолимписки комитет на Северна Македонија, се одржа Државно првенство на Македонија во воздушно оружје на кое настапија 23 спортисти со телесен инвалидитет во три спортски дисциплини и 11 глуви и наглуви спортисти во две дисциплини.



Судии на натпреварот беа: Валентина Гоцовска, Бранимир Јовановски и Драган Дојчиноски, а средства за спроведување на натпреварот беа обезбедени од Министерство за спорт и Министерство за социјална политика, демографија и млади.



Првите места по дисциплини ги освоија:

**Спортисти со телесен инвалидитет:**

**Воздушен пиштол CX1**
1. Оливера Наковска-Бикова - Битола 559 кругови;
2. Александар Јовановски - Скопје 525 кругови;
3. Ванчо Каранфилов - Скопје 517 кругови.

**Воздушна пушка CX1**
1. Бранимир Јовановски-Куманово 311 кругови;
2.Зоран Јовановски-Струмица 286 кругови;
3. Новча Тодоровски-Куманово 279 кругови.



**Воздушна пушка CX2:**
1. Игорчо Постолов - Струмица 306 кругови;
2. Наташа Црвенковска - Битола 301 круг;
3. Оливера Наковска-Бикова - Битола 295 кругови.

**Глуви и наглуви:**

**Пиштол**
1. Даниел Михајловиќ-Скопје 540 кругови;
2. Светлан Седмаков-Скопје 518 кругови;
3. Антонио Златков- Скопје 498 кругови.

**Пушка**
1. Светлан Седмаков-Скопје 300 кругови;
2. Милан Ѓорѓевски-Битола 276 кругови;
3. Даниел Михајловиќ-Скопје 261 круг.

*Б.Јовановски*



# ОДРЖАНО ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ВО ПИНГ-ПОНГ 2025




На 15.6.2025 година, во спортската сала „Јасмин“ во Кавадарци, се одржа Државно првенство во пинг-понг за спортисти со инвалидност. На првенството настапија 42 спортисти (29 со телесен инвалидитет и 13 глуви и наглуви), распоредени во 6 категории.

Првите места ги освоија:

**Жени класи 6-10:**

1. Оливера Наковска Бикова, Битола;
2. Лилјана Мицовска, Кочани;
3. Олга Ристовска, Скопје

**Мажи класи 3-5:**

1. Бранимир Јовановски, Куманово;
2. Васил Росомански, Кавадарци;
3. Зоран Јовановски, Струмица.



**Мажи класи 6-8:**

1. Рубинчо Ристески, Прилеп;
2. Тони Митровски, Скопје;
3. Томи Јаневски, Скопје.

**Мажи класи 9-10:**

1. Страшко Коцевски, Куманово;
2. Митко Сотировски, Охрид;
3. Небојша Ташиќ, Куманово.

**Жени глуви и наглуви:**

1. Нина Пејчиќ, Гевгелија;
2. Валбона Гикова, Кавадарци;
3. Марија Русовска, Скопје.

**Мажи глуви и наглуви:**

1. Ристо Ѓиков, Кавадарци;
2. Бурхан Махмудовски, Куманово;
3. Даниел Михајловиќ, Скопје.

*Б. Јовановски*







# ГРАН-ПРИ ВО СТРЕЛАШТВО ПАРАСПОРТ „НОВИ САД 2025“





Од 27 до 31.8.2025 година во Нови Сад, Србија, се одржа Гран-при натпревар во стрелаштво пара спорт, на кое учествуваа спортисти од 31 држава, веројатно најголем број на држави учеснички откако се организира овој натпревар.

Овој натпревар воедно беше и „генерална проба“ за најквалитетните стрелци пред одржување на Европското првенство во стрелаштво параспорт во Осијек, Хрватска, на почетокот на октомври 2025, па присуството на толкав број учесници од рекорден број држави беше сосема очекувано.

Нашата држава на овој престижен натпревар ја претставуваше Александар Јовановски, кој на 28.8.2025 година настапи во дисциплината П1 - Воздушен пиштол 10 метри и со резултат од 543 кругови (90,91,91,92,95,84) се пласира на 11. место од 31 натпреварувач. Штета што во последната серија влезе во временски цајтнот, па направи неколку грешки, а беше така близу до пласман во финалето. Важно е дека Александар со овој резултат постигна минимум норма за учество на Светското првенство во 2026 во Ченгвон, Кореја, од кое првенство всушност започнуваат квалификациите и поделба на директни квоти за настап на следните Параолимписки игри во Лос Анџелес 2028.

На 30.8.2025 година, Александар Јовановски настапи во дисциплината П4-Малокалибарски пиштол 50 метри, а со резултат од 483 кругови го заседе 16. место од 19 натпреварувачи.

Следен натпревар на кој ќе настапат македонските спортисти во парастрелаштво е Европското првенство во стрелаштво параспорт, кое ќе се одржи од 30.9 до 8.10.2025 година во Осијек, Хрватска. На ова првенство освен Александар Јовановски ќе настапи и нашата прославена параолимпијка, Оливера Наковска-Бикова.

*Б. Јовановски*

# УСПЕШЕН НАСТАП НА МАКЕДОНСКИТЕ ПАРААТЛЕТИЧАРИ НА МИТИНГОТ ВО КРУШЕВАЦ, ВТОРО МЕСТО ЗА НИКОЛА ПЕЕВ И ТРЕТО ЗА ЕЛЕНА ДАВИТКОВСКА



Македонските параатлетичари: Елена Давитковска, Зоран Јовановски, Тамара Гошева и Никола Пеев, предводени од селекторот Крсто Серафимовски и тим-лидерот Драган Дојчиноски, од 18 до 20.7.2025 година настапија на ИПЦ Параатлетскиот митинг во Крушевац, во организација на Параолимпискиот комитет на Србија.

Првиот натпреварувачки ден, на 19.7.2025 година, најдобар резултат од македонските спортисти постигна Никола Пеев Ф36, освојувајќи го второто место во дисциплината диск, споени класи Ф13/36/38/40/41/46/63 во конкуренција на пет натпреварувачи со 22,18 метри кои му донесоа 186 поени. Првото место во оваа дисциплина го освои Милош Грабеж Ф36 од Србија со резултат од 34,96 метри кои му

донесоа 778 поени, додека третото место го освои Милован Цветковиќ Ф63 од Србија со резултат од 18,34 метри или 124 поени.

Во истата дисциплина настапи и нашата натпреварувачка Тамара Гошева Ф46, која постигна личен рекорд од 19,61 метар или 283 поени, меѓутоа беше единствена жена која настапи во тие категории и не оствари пласман.

Елена Давитковска Ф56 во дисциплината Диск Ф55/56 го освои третото место во конкуренција на четири натпреварувачки, со резултат од 12,23 метри или 280 поени. Првото место ѝ припадна на Ивана Арсиќ од Србија со резултат од 19,25 метри или 680 поени, а второто на Ѓурѓица Ковачевиќ од Србија со резултат од 18,18 метри или 611 поени. Елена Давитковска настапи првиот ден и во дисциплината Копје Ф54/55/56 каде што го освои петтото место од пет натпреварувачки со резултат од 9,05 метри.

Зоран Јовановски Ф55 настапи во дисциплината Копје Ф34/54/55/57 и со резултат од 13,71 метри или 172 поени го освои петтото место од десет натпреварувачи. Првото место го освои Ненад Јеремиќ Ф55 од Србија со резултат од 21,78 метри или 616 поени.

Вториот натпреварувачки ден на 20.7.2025 година, Никола Пеев Ф36, во дисциплината Копје Ф11/12/13/36/63, со резултат од 25,09 метри или 307 поени го освои четвртото место, а во истата дисциплина Тамара Гошева Ф46 постигна резултат од 17,84 метри или 12 поени и повторно како единствен женски натпреварувач во тие класи не оствари пласман. Никола Пеев Ф36 потоа настапи и во дисциплината Ѓуле Ф11/12/36/40/41/63 во која со резултат од 7,92 метри или 78 поени го освои петтото место од осум натпреварувачи, а Тамара Гошева Ф46, во истата дисциплина постигна резултат од 6,52 метри или 229 поени.

Зоран Јовановски Ф55 во дисциплината Ѓуле Ф32/34/55/57 со резултат од 6.86 метри или 262 поени го освои четвртото место од пет натпреварувачи, додека во дисциплината Диск Ф51/54/55/57 со резултат од 14,99 метри или 103 поени го освои седмото место од осум натпреварувачи.

Елена Давитковска Ф56 настапи во дисциплината Ѓуле Ф54/55/56 и со резултат од 4,59 метри се пласира на петтото место од пет натпреварувачки.

*Б. Јовановски*









# ПКСМ НА РАБОТНА СРЕДБА ВО БЕЛГРАД



На 28.3.2025 година, како продолжение на балканската турнеја на претседателот на ИПЦ, Ендрју Парсонс, во Белград се одржа работна средба помеѓу претседателите на параолимписките комитети на Србија, Хрватска и Македонија.

Најнапред, министерот за спорт на Србија, Зоран Гајиќ, прими делегација составена од претседателот на Меѓународниот параолимписки комитет, Ендрју Парсонс, претседателот на Хрватскиот параолимписки комитет, Ратко Ковачиќ, претседателот на Параолимпискиот комитет на Северна Македонија, Бранимир Јовановски, и генералниот секретар Драган Дојчиноски, како и домаќините на средбата, претседателот на ПОКС, Зоран Миќовиќ, и генералниот секретар на ПОКС, Бојан Јаќимовиќ. На средбата отворено се разговараше за успесите кои ги постигнуваат српските параолимпијци



на меѓународните првенства, за моменталната состојба и заедничката соработка и финансирање на комитетот, за очекувањата и идните планови за подобрување на соработката и поддршка на програмите на ПОКС за практикувањето и афирмацијата на параолимпискиот спорт.

Потоа се одржа средба помеѓу делегацијата и претставниците на Олимпискиот комитет на Србија: Жарко Зечевиќ, првиот претседател на ОКС, Дамир Штајнер, извршниот директор на ОКС, Мирјана Ивковиќ, координатор за промоција на олимписките вредности, и д-р Милица Вукашиновиќ-Весиќ, претседател на Антидопинг агенцијата на Република Србија. На средбата беше истакнато дека ОКС, АДАС и ПОКС имаат исклучителна соработка во остварувањето на заедничките цели, вклучително и развој на спортови на највисоко ниво, заштита на здравјето на спортистите и заштита на интегритетот и на спортистите и на спортските настани. Претседателот на ИПЦ, Ендрју Парсонс, изјави дека не постои универзален модел на соработка меѓу националните олимписки и параолимписки комитети и дека секогаш е задоволен што гледа високо ниво на соработка и разбирање меѓу овие организации, како што е случајот во Србија.



На крајот од средбата, претседателот на ПКСМ, Бранимир Јовановски, му врачи плакета на претседателот на ПОКС, Зоран Миќовиќ, за долгогодишна плодна соработка и развој на параолимпискиот спорт помеѓу нашите држави и пошироко.

Посетата на претседателот Ендрју Парсонс со претседателите на параолимписките комитети од Југоисточна Европа, заврши на 31.3.2025 година, во Сараево.

*Б. Јовановски*

# ПКСМ НА ЗАВРШЕН РАБОТЕН СОСТАНОК НА ПАРАОЛИМПИСКИ КОМИТЕТИ ВО САРАЕВО

На 31.3.2025 година, во Сараево, се одржа завршниот состанок во рамките на посетата на претседателот на Меѓународниот параолимписки комитет (ИПЦ), Ендрју Парсонс, на државите од Југоисточниот регион на Европа.

Во рамките на посетата на Параолимпискиот комитет на Босна и Херцеговина, делегацијата во состав: Сабахудин Делалиќ - претседател на Параолимпискиот комитет на БиХ, Ендрју Парсонс - претседател на ИПЦ, Ратко Ковачиќ - претседател на ПК Хрватска, Зоран Миќовиќ - претседател на ПК Србија, Бранимир Јовановски - претседател на ПК Северна Македонија и Драган Дојчиноски - генерален секретар на ПК Северна Македонија, оствари средба со претседателот на Претседателството на Босна и Херцеговина, Жељко Комшиќ, на која се дискутираше за моменталната состојба со параолимпискиот спорт во БиХ, како и во регионот, потоа за потребата од системско уредување на параолимпискиот спорт низ законски решенија со кои би се осигуриле правата, потребите, финансирањето и рамноправноста на спортистите со инвалидност.

Претходно, делегацијата го посети Параолимпискиот комитет на БиХ каде што се сретна со младиот четиринаесетгодишен пливач, Исмаил Барлов, кој освои сребрен медал во пливање 50 метри градно на Параолимписките игри во Париз 2024 година.

Потоа делегацијата оствари работен состанок со федералната министерката за култура и спорт, Сања Влаисављевиќ, во просториите на Музејот на Зимските олимписки игри Сараево 1984 година, на која средба беа разменети искуства во однос на тренажниот процес на спортистите параолимпијци, потребата од зголемено финансирање, учество на поголем број меѓународни натпревари, но и за донесување законски решенија за еднократни награди за постигнати високи пласмани како вид на мотивација и воведување на национални признанија како финансиска безбедност на спортистите кои го кревале знамето на своите држави на највисок пиедестал низ светот.






*Б. Јовановски*

# ТРИ БРОНЗЕНИ МЕДАЛИ ЗА МАКЕДОНСКИТЕ ПИНГПОНГАРИ НА МЕЃУНАРОДНИОТ ТУРНИР ВО ВАРНА

Македонската репрезентација во пинг-понг во состав: Страшко Коцевски - селектор, Марјан Зафировски - класа 7, Рубинчо Ристески - класа 8, Тони Митровски - класа 8, Огнен Илиоски - класа 9 и Небојша Ташиќ - класа 9, на 6 и 7 јуни 2025 година учествуваа на меѓународниот турнир во пинг-понг „Varna Seagull 2025“, на кој учествуваа 40 спортисти од Македонија, Црна Гора, Србија, Романија и Бугарија.



Марјан Зафировски во класа 7, Рубинчо Ристески и Небојша Ташиќ во споени класи 8-9, освоија бронзени медали. Тони Митровски ја помина групата, меѓутоа го загуби четвртфиналниот дуел, а младиот Огнен Илиоски имаше прв настап во сениорска конкуренција, ги загуби и двата дуели, но покажа





исклучителна борбеност и посветеност, иднината е пред него.

Со репрезентацијата, на покана на претседателот на Параолимпискиот комитет на Бугарија, Илија Лалов, патуваа и претседателот на Параолимпискиот комитет на Македонија, Бранимир Јовановски, и генералниот секретар Драган Дојчиноски.

Во ова пригода, претседателот Бранимир Јовановски, му врачи спомен-плакета на Илија Лалов, претседател на Бугарскиот параолимписки комитет, за долгогодишно пријателство и соработка на полето на развој на спортот на лицата со инвалидност во двете држави.

*Б. Јовановски*

# МАКЕДОНСКАТА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА ВО ПАРА ПИНГ-ПОНГ НА МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР „ПОДГОРИЦА 2025“

Македонската репрезентација во парапинг-понг во состав: Страшко Коцевски - тренер и селектор, Игорчо Постолов - класа 6, Марјан Зафировски - класа 7, Рубинчо Ристески - класа 8, Тони Митровски - класа 8, Небојша Ташиќ - класа 9 и Зоран Трајановски - класа 10, од 04-07.12.2024 година во Подгорица, Црна Гора, учествува на Меѓународниот турнир во парапинг-понг „Подгорица 2025“, на кој учествуваат натпреварувачи од 6 држави: Црна Гора, Србија, Хрватска, Македонија, Бугарија и Босна и Херцеговина.




Првиот натпреварувачки ден се играше поединечно по групи и по категорија на оштетување. Најдобар пласман од нашите натпреварувачи имаше Игорчо Постолов, кој во споени класи 6-7, со



две победи и еден пораз ја помина групата како второпласиран и во четвртфиналето вкрсти со босанскиот натпреварувач Едиб Шахман, од кого го загуби натпреварот и не успеа да освои медал.

Останатите наши натпреварувачи во индивидуална конкуренција не ги поминаа натпреварите во групната фаза.

Следниот ден се играше екипно. Најдобар пласман од нашите натпреварувачи постигнаа Игорчо Постолов и Марјан Зафировски во споени класи 6-7, кои ја поминаа групата и го освоија бронзениот медал.



Општина Подгорица, Параолимпискиот комитет на Црна Гора со претседателот Игор Томиќ и пингпонгарскиот клуб „Луча“ од Подгорица. предводена од Дејан Башановиќ, уште еднаш го потврдија приматот на добри организатори и добри домаќини. Првенството заврши со заедничка прослава и доделување на медалите и пехарите на најдобрите учесници.

*Б. Јовановски*

# УСПЕШЕН НАСТАП НА ПАРААТЛЕТИЧАРИТЕ НА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА ВО САРАЕВО, БИХ

Од 11-13.9.2025 година, во Сараево, БиХ, во организација на Сојузот на параплегичари и заболени од детска парализа на БиХ, се одржаа 21. Републички спортски игри на кои настапија и спортисти од Мобилност Македонија: Адем Неби Ф58, Елена Давитковска Ф56, Зоран Јовановски Ф55 и Златко Арсовски Ф55.

Најдобар пласман освои Адем Неби во класа Ф58, кој освои три први места во трите дисциплини, во кои настапи со резултати: ѓуле 7,64 метри; диск 15,89 метри; и копје 15,67 метри.

Елена Давитковска освои едно второ и две трети места со резултати: копје 2. место 9.65 метри; диск 3. место 10,54 метри; и ѓуле 3. место 4,48 метри.

Зоран Јовановски во класата Ф55 освои исти пласмани како и Елена, едно второ и две трети места и тоа: копје 2. место 15,51 метри; ѓуле 3. место 6,55 метри и диск 3. место 15,04 метри.






Златко Арсовски освои бронзен медал во копје со резултат 13,11 метри, а во останатите дисциплини фрлаше: кугла 5,98 метри, диск 13,48 метри.

*Б. Јовановски*



# КСРИ КУМАНОВО ЕКИПЕН ШАМПИОН ВО ПАРАПИНГ-ПОНГ ЗА 2025

Во согласност со Програмата за работа на Националната федерација за спорт и рекреација на инвалидите на Северна Македонија – Параолимписки комитет на Северна Македонија, од септември до декември годинава, се одржа Лига во парапинг-понг за 2025 година во која учествуваа шест екипи кои годинава беа финансирани од Министерството за спорт.

На 14.12.2025 година, во Струмица се одиграа последните 2 кола од Лига на Македонија во парапинг-понг за 2025 година.

Претходно, за Комесар на лигата, од страна на Стручната комисија при НФСРИСМ-ПКСМ беше назначен Драган Дојчиноски, а лигата се играше двокружно со тоа што во еден термин се одигруваа по две кола од лигата. Во согласност со пропозициите, при рангирањето на клубовите за составување на конечната табела, доколку две или повеќе екипи имаат ист број на бодови, за предност се смета меѓусебниот скор во победи, а доколку и тоа е исто, се пресметува скорот во меѓусебно одиграни сетови. Ако и тоа е исто, подобра е онаа екипа која успеала да добие повеќе севкупен број на индивидуални поени во меѓусебниот дуел, а доколку и тоа е исто, подобра е онаа екипа која има поголема позитивна поен-разлика во меѓусебните индивидуални дуели, при што доколку и тоа е исто, се смета позитивната поен разлика на екипата во текот на целата лига, вклучувајќи ги и поените добиени со сите останати екипи.

Победник на Лигата во парапинг-понг за 2025 година е Клубот за спорт и рекреација на инвалиди Куманово (КСРИ Куманово). На второто место со ист број на поени, но послаба меѓусебна сет разлика, се пласира екипата на КСРИ Прилеп, а на третото место екипата на КСРИ Струмица.

За КСРИ Куманово во лигата настапија следните пинг-понгари: Страшко Коцевски, Зоран Трајановски, Небојша Ташиќ и јуниорот Андреј Насковски.

Постигнати резултати по одиграни кола од лигата:
**Прво коло:**

КСРИ Прилеп : КСРИ Гевгелија 3 : 0
КСРИ Кисела Вода : КСРИ Струмица 2 : 3
КСРИ Куманово : КСРИ Битола 3 : 0

**Второ коло:**

КСРИ Прилеп : КСРИ Битола 3 : 2
КСРИ Струмица : КСРИ Куманово 2 : 3
КСРИ Гевгелија : КСРИ Кисела Вода 0 : 3

**Трето коло:**

КСРИ Кисела Вода : КСРИ Прилеп 0:3
КСРИ Куманово : КСРИ Гевгелија 3:0 (службено)
КСРИ Битола : КСРИ Струмица 1:3



**Четврто коло**

КСРИ Прилеп : КСРИ Струмица 3:0
КСРИ Гевгелија : КСРИ Битола 0:3 (службено)
КСРИ Кисела Вода : КСРИ Куманово 1:3

**Петто коло:**

КСРИ Куманово : КСРИ Прилеп 3:2
КСРИ Битола : КСРИ Кисела Вода 0:3 (службено)
КСРИ Струмица : КСРИ Гевгелија 3:0

**Шесто коло**

КСРИ Гевгелија : КСРИ Прилеп 0:3
КСРИ Струмица : КСРИ Кисела Вода 3:0
КСРИ Битола : КСРИ Куманово 0:3 (службено)

**Седмо коло**

КСРИ Битола : КСРИ Прилеп 1:3
КСРИ Куманово : КСРИ Струмица 3:0
КСРИ Кисела Вода : КСРИ Гевгелија 3:0

**Осмо коло**

КСРИ Прилеп : КСРИ Кисела Вода 3:0 (службено)
КСРИ Гевгелија : КСРИ Куманово 0:3 (службено)
КСРИ Струмица : КСРИ Битола 3:1

**Деветто коло**

КСРИ Струмица : КСРИ Прилеп 2:3
КСРИ Битола : КСРИ Гевгелија 2:3
КСРИ Куманово : КСРИ Кисела Вода 3:2

**Десетто коло**

КСРИ Прилеп : КСРИ Куманово 3:2
КСРИ Кисела Вода : КСРИ Битола 3:1
КСРИ Гевгелија : КСРИ Струмица 0:3






Лига во пинг - понг за лица со инвалидност , сезона 2025

| Место | ЕКИПА | Вкупно | Победи | Порази | Добиени мечеви | Изгубени мечеви | Разлика | Бодови |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | КСРИ Куманово | 10 | 9 | 1 | 29 | 10 | 19 | **28** |
| 2 | КСРИ Прилеп | 10 | 9 | 1 | 29 | 10 | 19 | **28** |
| 3 | КСРИ Струмица | 10 | 6 | 4 | 21 | 12 | 9 | **22** |
| 4 | КСРИ Кисела Вода | 10 | 4 | 6 | 17 | 19 | - 2 | **18** |
| 5 | КСРИ Битола | 10 | 1 | 9 | 10 | 27 | - 17 | **12** |
| 6 | КСРИ Гевгелија | 10 | 1 | 9 | 3 | 29 | - 26 | **12** |

Честитки до сите клубови кои учествуваа во Лигата за 2025 година. Идната година се планира Лигата да биде поделена на пролетен и есенски дел и би стартувала во април 2026. Бројот на екипите ќе биде определен дополнително.

*Б. Јовановски*

## 33. РЕПУБЛИЧКИ СПОРТСКИ ИГРИ НА СПИКС, ВРЊАЧКА БАЊА

Од 1 до 9 март 2025 година во Врњачка Бања, Србија, беа одржани 33. Републички спортски игри на параплегичари и квадриплегичари на Србија (СПИКС) на кои учествуваа спортисти од: Србија, Македонија, Словенија и од Црна Гора.

Во прекрасен амбиент и во услови на многу топло време, боите на Мобилност Македонија на игрите ги бранеа: Елена Давитковска, Зоран Јовановски и Златко Арсовски. За учеството на Игрите беше повикан и Гоце Миновски, меѓутоа тој поради здравствени причини го откажа учеството.

На покана на претседателот на СПИКС, Ненад Дураковиќ, на Игрите присуствуваа и претседателот на Мобилност Македонија, Бранимир Јовановски, и секретарот Гораст Велковски, кои остварија работна средба на која ги договорија следните чекори на заедничка соработка, а кон крајот на септември се



договорија да одржат и онлајн-конференција на која ќе биде договорено можно аплицирање на Еразмус + проекти.

На спортско поле, пак, најдобар резултат постигна Елена Давитковска во класа Ф56, која во сите три дисциплини освои втори места и се закити со 3 сребрени медали. Елена ги




постигна следните должини: ѓуле 3,58 метри, диск 8,61 метар и копје 7,89 метри.

Првите места во нејзина конкуренција ги освои Ивана Арсиќ со следните должини: ѓуле 4,35 метри, диск 9,77 метри и копје 9,72 метри.

Зоран Јовановски, во класа Ф55, освои две трети и едно четврто место и освои 2 бронзени медали. Зоран ги постигна следните должини: ѓуле 4,72 метри, диск 14,62 метри и копје 11,23 метри.

Првите места во неговата конкуренција ги освои српскиот сребрен параолимпиец Небојша Ѓуриќ со резултати: ѓуле 7,25 метри, диск 21,69 метри и копје 18,71 метри.



Златко Арсовски освои четврто и две шести места. Златко ги постигна следните должини: ѓуле 4,03 метри, диск 11,02 метри и копје 8,94 метри.

Првите места во неговата конкуренција ги освои српскиот параолимпиец Милош Зариќ со резултати: ѓуле 6,52 метри, диск 17,40 метри и копје 19,37 метри.

Честитки за успесите на нашите спортисти.

*Б. Јовановски*

# ТРИ ФИНАЛНИ БОРБИ НА ОЛИВЕРА НАКОВСКА-БИКОВА НА ЕВРОПСКОТО ПРВЕНСТВО ВО СТРЕЛАШТВО, „ОСИЈЕК 2025“

Македонската репрезентација во стрелаштво параспорт, во состав: Оливера Наковска-Бикова и Александар Јовановски (стрелци), Бранимир Јовановски (тренер и селектор) и Драган Дојчиноски (асистент) од 30.9 до 8.10.2025 година учествуваше на Европското првенство во стрелаштво параспорт во Осијек, Хрватска.

На 3.10.2025 година, во дисциплината П3-Спорт пиштол 25 метри, Оливера Наковска-Бикова, со резултат од 559 кругови, се пласира меѓу осумте финалисти. По завршување на финалето, Оливера го освои конечното 4. место во дисциплината спорт пиштол 25 метри. Исто како и на Параолимписките игри во „Париз 2024“ во дисциплината спорт пиштол 25 метри, така и овде, мал недостаток на спортска среќа ја оддалечи Оливера од освојување на медал. И таму, и овде, имаше многу погодоци во десетка, во една серија дури пет десетки од можни пет истрели, но ѝ се броеше само еден од нив, бидејќи во финале се бројат само погодоци поголеми од 10,2 (круг од 8 цм), а останатите четири беа со вредност од 10,1 и 10,0. Навистина штета, но Оливера беше на висината на задачата и стори сè што требаше да стори за едно добро финале.











На 6.10.2025 година, на програмата на Европското првенство во Осијек, беше дисциплината П4-пиштол, слободен избор 50 метри, во која настапија двајцата наши стрелци. Оливера Наковска-Бикова, со резултат од 531 круг се пласира во финалето како четвртопласирана, со ист резултат како и второпласираниот, но со помал број на внатрешни центри. Во финалето имаше мала нестабилност и го освои конечното осмо место, што со оглед на малиот број на натпревари годинава (ова ѝ е прв настап), како и промена на пиштол бидејќи ѝ се расипа стариот ТОЗ-35 за време на игрите во Париз, па сега за првпат настапи со новиот Пардини, ова е задоволителен настап и пласман на Оливера. Александар Јовановски, со резултат од 505 кругови (кој претставува негов личен рекорд), го освои 19. место во конкуренција на 34 натпреварувачи. Овој резултат е над потребната норма за учество на Светско првенство во 2026 година во Кореја.

На 7.10.2025 година, во дисциплината воздушен пиштол 10 м - жени, Оливера Наковска- Бикова се избори за влез во третото финале на шампионатот. Во финалето, по голема борба го освои 6. место. Честитки за Оливера, три настапи на шампионатот и пласман во финале во сите три дисциплини во кои настапи, за жал, без освоен медал, иако бевме многу блиску до него, но освоено 4., 6. и 8. место на Оливера Наковска-Бикова на Европското првенство во стрелаштво параспорт е за секоја честитка, благодарност и почит. Претходно, Александар Јовановски во истата дисциплина, во конкуренција на мажи, со резултат од 543 кругови го освои 23. место.

*Б. Јовановски*









# ЈАНЧО ЃОРЃЕВСКИ ГО ОСВОИ 9. МЕСТО НА ТРЕТАТА ТАБЛА НА 2ND FIDE CHESS OLYMPIAD FOR PEOPLE WITH DISABILITIES,



Македонските шахисти со попреченост Жарко Селковски, Зоран Костадиновски, Јанчо Ѓорѓевски и Марија Арсова, од 19 до 26.10.2025 година учествуваа на 2nd FIDE Chess Olympiad for People with Disabilities во Астана, Казахстан. Репрезентацијата на Македонија беше составена од страна на Шаховската федерација на Македонија, која е членка на ФИДЕ, која пак е организатор на „Втората ФИДЕ олимпијада за шахисти со попреченост“. Делегацијата броеше 6 членови, од кои 4 натпреварувачи, еден асистент и еден тим-лидер.

На шампионатот учествуваат 34 репрезентации, а нашиот тим според рејтинг на почетокот беше на 26. место со просечни 1.779 рејтинг поени. Според рејтинг, најсилна беше екипата на Полска со 2.296 поени, а следуваа екипите на Израел со 2.189 и ФИДЕ 1 со 2.176 поени. Нашата репрезентација по одиграни 6 кола со две победи, едно реми и три порази, со освоени вкупно 5 поени, се пласира на конечното 24. место (две погоре од стартниот рејтинг).

Поединечно, најдобар пласман на 2nd FIDE CHESS OLYMPIAD FOR PEOPLE WITH DISABILITIES, оствари членот на КСРИ Куманово, Јанчо Ѓорѓевски, освојувајќи го 9. место поединечно на третата табла со освоени 4 поени (3 победи, две реми и еден пораз) од 6 партии, подобрувајќи го својот стартен рејтинг за дополнителни +41 поени.

Зоран Костадиновски на втората табла го освои 10. Место, исто така со 4 поени од 6 партии, подобрувајќи го својот стартен рејтинг за дополнителни +16 поени, Жарко Селковски на првата табла освои 1 поен од 6 партии и го освои 26. место и загуби -23 рејтинг поени, додека Марија Арсова со пораз во сите кола и без освоен поен заврши на 23. место загубувајќи -92 рејтинг поени.

Во продолжение хронолошки опис на настапот на нашата репрезентација.

На 20.10.2025 година, со почеток во 15 часот, се одигра прво коло во кое нашиот тим се натпреваруваше против екипата на Чешка, со која одигравме нерешено 2 : 2 и го освоивме првиот бод кој нè позиционираше на делба на 16. место. Победи извојуваа Зоран Костадиновски (со бели фигури) на втора табла и Јанчо Ѓорѓевски (со црни фигури) на трета табла, додека поразени беа Жарко Селковски (со црни фигури) на првата табла и Марија Арсова (со бели фигури) на четвртата табла (жени).

На 21.10.2025 година се играше второто коло во кое нашата екипа се сретна со Меѓународниот тим на глуви и наглуви (ICCD), кои имаат рејтинг од 1.781, нешто послаб од рејтингот на нашиот тим. Победа од 3 : 1 извојува Меѓународниот тим на глуви и наглуви (ICCD), Жарко Селковски и Марија Арсова ги загубија дуелите со своите противници, додека Зоран Костадиновски и Јанчо Ѓорѓевски ремизираа со своите противници. По завршување на второто коло, Македонија се наоѓаше на 25. место со освоен 1 поен.

На 22.10.2025 година, се играше третото коло, нашиот тим се состана со втората екипа на Казахстан (рејтинг 1.884 поени) и загуби со резултат 3,5 : 0,5. Единствено ремизираше Зоран Костадиновски на втората табла. По третото коло Македонија со 1 освоен поен се наоѓаше на 29. место од 34 екипи.

На 23.10.2025 година во четвртото коло се сретнавме со екипата на Кенија, и ја извојувавме првата победа на шампионатот со резултат од 2,5 : 1,5. Победи за нашиот тим оствариja Зоран Костадиновски на втората табла и Јанчо Ѓорѓевски на третата табла, Жарко Селковски ремизираше на првата табла, а Марија Арсова го забележа четвртиот пораз. По четвртото коло нашиот тим се наоѓаше на 25. место со освоени 3 поени.

На 24.10.2025 македонскиот тим извојува нова победа, овој пат против екипата на Аргентина (рејтинг 1998) со резултат од 2,5 : 1,5. На првата табла, Жарко Селковски ремизираше, Зоран Костадиновски и Јанчо Ѓеоѓевски ги победија своите противници, додека Марија Арсова го забележа и петтиот пораз во низа. По завршување на петтото, претпоследно коло, Македонија се наоѓаше на 20. место со освоени 5 поени.

На 25.10.2025 година се играше последното коло. Нашата репрезентација се состана со екипата на Унгарија (рејтинг 2057 поени) и загуби со 3,5 : 0,5. Единствено ремизираше Јанчо Ѓорѓевски на третата табла, додека останатите наши натпреварувачи претрпеа порази од своите противници.

Конечен пласман, освоено 24. место од 34 екипи, две места повисоко од стартниот рејтинг на екипата.

*Б. Јовановски*

24. North Macedonia (RtgAvg:1799, Captain: Vanevski Ljupcho / TB1: 5 / TB2: 41)

| Bo. | Name | Rtg | FED | FideID | Typ | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | Pts. | Games | RtgAvg |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Selkovski, Zarko | 1936 | MKD | 15001490 | S50 | 0 | 0 | 0 | ½ | ½ | 0 | 1 | 6 | 2062 |
| 2 | Kostadinovski, Zoran | 1861 | MKD | 15002373 | S50 | 1 | ½ | ½ | 1 | 1 | 0 | 4 | 6 | 1823 |
| 3 | Gjorgjevski, Janco | 1746 | MKD | 15001644 | S50 | 1 | ½ | 0 | 1 | 1 | ½ | 4 | 6 | 1889 |
| 4 | Arsova, Marija | 1653 | MKD | 15010651 | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6 | 1753 |

# МЕЃУНАРОДЕН ПАРААТЛЕТСКИ МИТИНГ „ЗАГРЕБ ОПЕН 2025“






Македонските параатлетичари, Тамара Гошева-Ф46 и Никола Пеев-Ф36, придружувани од селекторот Крсто Серафимовски и претседателот, Бранимир Јовановски, учествуваа на Меѓународниот параатлетски митинг „Загреб Опен 2025“, на кој покрај домаќинот Хрватска, учествуваа и спортисти од Македонија, Србија, Словенија и Босна и Херцеговина.

Во првата дисциплина, фрлање на копје, нашите натпреварувачи ги освоија првите места, при што Тамара Гошева постигна резултат од 17,68 метри, а Никола Пеев постигна резултат од 24,77метри. За жал, во оваа конкуренција беа пријавени по двајца натпреварувачи.

Во дисциплината фрлање на диск, Тамара Гошева настапи во конкуренција на пет натпреварувачки и го освои второто место со резултат од 17,72 метри, додека Никола Пеев со резултат од 23,28 метри го освои третото место.

Домаќинот на натпреварот не додели медали на учесниците во дисциплините, туку пехари за највредните 5 постигнати резултати во машка и женска конкуренција според Раза таблицата на Светската параатлетска федерација.

*Б. Јовановски*

# ВТОР ТРАНСНАЦИОНАЛЕН СОСТАНОК НА ПАРТНЕРИТЕ ВО ПРОЕКТОТ VIEWS

На 27–28 октомври 2025 во Букурешт (Романија) се одржа вториот транснационален состанок на партнерите од Еразмус+ проектот VIEWS. Партнерите дискутираа за досегашниот напредок, наредните чекори и размена на искуства за подобро вклучување на лицата со попреченост во спортското волонтерство.

Во рамки на состанокот беше посетен и веслачкиот клуб ONYX, каде што партнери од различни земји имаа можност да се запознаат со нивната работа и потенцијалот на спортот како алатка за инклузија.

VIEWS се фокусира на иновации во полето на волонтерство преку интеграција и зајакнување на улогата на лицата со попреченост во спортското волонтерство – област која сè уште е недоволно разработена во постојните спортски и волонтерски програми.

Повеќе за проектот VIEWS: https://www.views-eu.org

*Б. Јовановски*



# СРЕДБА СО ЉУБИЦА ЛУКАЧИЌ, ПРАТЕНИК НА ХДЗ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

За време на одржувањето на Меѓународниот параатлетски митинг, во Загреб, остварив средба со Љубица Лукачиќ, лице со телесен инвалидитет и долгогодишен пратеник од редовите на политичката партија ХДЗ во Собранието на Хрватска, како и со претседателот на Параолимпискиот комитет на Хрватска, Ратко Ковачиќ.



Дискутиравме за тоа колку нејзиното влегување во Собранието на Хрватска придонесе за подобрување на можностите на лицата со инвалидност во Хрватска, за моделот и можностите за избор на лица со инвалидност во законодавната власт, за програмите кои таа изворно ги предложила и можностите за нивна имплементација. Сè се сведува на тоа дека доколку некое лице со инвалидност има аспирации да стане пратеник, мора да го интензивира своето политичко дејствување. Тука никаков клуч или квота не помага.

*Б. Јовановски*

## НАГРАДНА ИГРА

Наградното прашање за весникот број 106 гласеше:

**Дали Мобилност Македонија освен во Охрид, поседува објекти за закрепнување, рехабилитација и одмор и на друга туристичка локација?**

За жал, ниту еден читател не понуди одговор на ова прашање, па затоа немаме ниту добитник на оваа вредна награда.

Ги поттикнуваме членовите да испраќаат коверти со одговори на поставените наградни прашања до нашата канцеларија. Доколку пет различни лица понудат одговор на поставеното прашање, ќе биде извршено жребање на добитник на наградата викенд за две лица во хотелот „Струшки Галеб" во Струга со платени трошоци за превоз во висина на автобуската карта. Наградата може да се користи од 1 мај до 30 септември во тековната година.

Донатор на оваа награда е управникот на хотелот „Струшки Галеб" во Струга. Сите информации поврзани со реализацијата на наградата добитникот ќе ги добие од секретарот на Мобилност Македонија на телефон бр.: 070 277 304.

Веруваме дека наградата викенд за двајца во Струга е доволен мотив читателите да се потрудат околу давање на точниот одговор на наградното прашање и во поголем број да учествуваат во наградната игра.

Се надеваме дека интертесот за наградната игра во наредниот период ќе се зголеми, а ние ветуваме дека поставените прашања ќе бидат полесни. Во овој број очекуваме одговори на што поголем број на наши членови-читатели на весникот.

Наградно прашање за овој број на весникот гласи:

**Во 2026 година Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Северна Македонија - Мобилност Македонија прославува јубилеен роденден од своето постоење.**

Прашањето за овој број на списанието „Мобилност" гласи:

**колку години од своето формирање прославува Мобилност Македонија во 2026 година?**

Одговорот на ова прашање не е тежок, но малку ќе Ви помогнеме со тоа што ќе Ви кажеме дека доколку сте редовен читател на весникот МОБИЛНОСТ и учествувате во работата на Мобилност Македонија треба да го знаете одговорот на ова прашање.

Вашите одговори на прашањето праќајте ги во затворен коверт на адреса „Мобилност Македонија" на ул. „11 Октомври" 42-а Скопје, со назнака ЗА НАГРАДНАТА ИГРА за списанието „Мобилност" број 107.

Право на учество имаат само редовните членови на Мобилност Македонија. Наградата е непреносливa, односно може да ја користи само оној што ја освоил.

Почитувани читатели, Вие кој го знаете одговорот на наградното прашање и кои сте оптимисти па верувате во својата среќа, земете учество во наградната игра. Со тоа ништо не можете да загубите, а можете да добиете можност, заедно со својот придружник, да си поминете еден прекрасен викенд покрај Охридското Езеро во Струга.

*Гораст В.*

# ЕКИПАТА НА КСРИ КУМАНОВО НА МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР ВО ПИНГ-ПОНГ ВО ЧЕШКА

Пингпонгарската екипа на Клубот за спорт и рекреација на инвалиди Куманово (КСРИ Куманово) во состав Страшко Коцевски, Небојша Ташиќ, Зоран Трајановски и Бранимир Јовановски, од 6 до 9.11.2025 година учествува на 23. Меѓународен турнир во пинг-понг „Пехар на Храдец Кралове“, на кој учествуваат 12 клубови од Чешка, Словачка, Полска, Украина, Србија и Македонија.

Екипите се поделени во 2 групи, од по 6 клуба, во кои екипите играат секој со секого, а во вториот дел се разигрува за пласман и тоа:

Првите две екипи од двете групи за пласман од 1. до 4. место;

Третата екипа од првата група со третата екипа од втората група за пласман на 5. и 6. место, и така редоследно.

По одиграните натпревари во групите, пингпонгарите на КСРИ Куманово претрпеа пораз од сите екипи и на крајот го освоија 12. место. Сакаме да искажеме голема благодарност до организаторот на турнирот, за поканата и пружената можност за учество на овој силен турнир на кој нашите натпреварувачи стекнаа искуство, нови спортски пријатели, одиграа голем број на силни натпревари, разигрувања, победи и порази во прекрасна, фер, натпреварувачка атмосфера.

Се надеваме дека наскоро ќе имаме можност да возвратиме со покана и да се сретнеме на наш терен.

Средства за учество на овој турнир се обезбедени од Министерството за спорт, од грантот за клубови за 2025 година.

*Б. Јовановски*













# ТРЕТ МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР ВО ПАРАПИНГ-ПОНГ „КУМАНОВО 2025“

На 29.11.2025 година, во спортската сала на СОУ Гимназија „Гоце Делчев“ во Куманово, во организација на Клубот за спорт и рекреација на инвалиди Куманово, а со финансиска поддршка од Општински сојуз на спортови Куманово, Националната федерација „Спорт за сите“, Параолимпискиот комитет на Северна Македонија и Министерството за спорт, се одржа Третиот меѓународен турнир во парапинг-понг.

На турнирот учество зедоа 19 натпреварувачи од Македонија, Србија, Бугарија, Црна Гора и Босна и Херцеговина, поделени во три категории.

Со пригоден говор, турнирот за отворен го прогласи градоначалникот на Општина Куманово, Максим Димитриевски, а на присутните им се обрати и претседателот на ОСС Куманово, Филип Колевски.

Во фер и коректна борба, првите места ги освоија:

**Класа 6-7**

1. Милан Миќовиќ СРБ
2. Едиб Шахман БиХ
3. Пјетро Паљушевиќ МНЕ
3. Милан Антиќ СРБ

**Класа 8**

1. Јордан Митев БУГ
2. Тони Митровски МКД
3. Андреј Насковски МКД
3. Фикрет Смајловиќ БиХ

**Класа 9-10**

1. Дејан Башановиќ МНЕ
2. Касим Цериќ БиХ
3. Небојша Ташиќ МКД
3. Митко Сотироски МКД

Медалите, дипломите и победничките пехари на освојувачите на медали им ги врачи претседателот на КСРИ Куманово, Страшко Коцевски.

*Б. Јовановски*









# ОДРЖАН PRE-DRM СО МИЛАНО КОРТИНА ОРГАНИЗАЦИСКИОТ ОДБОР




На 19.11.2025 година, по претходно закажан термин, беше одржан пред регистрациски состанок со Организацискиот комитет на Параолимписките игри во Милано Кортина 2026.

На состанокот присуствуваа претседателот на Параолимпискиот комитет на Северна Македонија, Бранимир Јовановски, генералниот секретар, Драган Дојчиноски, и тренерот Јане Стефанов, како и претставниците на комитетот: Matteo Malfer, Audrey Terumi Hoche, Reinis Birzneieks i Naoko Maruyama.

На состанокот беа договорени и потврдени првичните пријави на нашата делегација која ќе учествува на Зимските параолимписки игри во Милано Кортина 2026. Нè очекуваат уште многу состаноци, комуникација со одборот, пополнување на разни формулари, преговори и секако тренинзи и трки на нашиот тим за обезбедување доволно ФИС-бодови за право на настап на Игрите.

Се планира македонскиот тим на Игрите да го сочинуваат: Бранимир Јовановски - Шеф на мисија, Зоран Јовановски - спортист, Јане Стефанов - тренер, Петар Илев - тренер, Вангел Тркаљанов - тренер и Елвис Алексовски - лекар на тимот.

*Б. Јовановски*



# ЈАНЧО ЃОРЃЕВСКИ, УЧЕСТВУВАШЕ НА ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО ВО ШАХ

Клубот за спорт и рекреација на инвалиди Куманово уште еднаш ја покажа на дело определбата да ги стимулира врвните спортисти за настап на официјални меѓународни првенства.

По клупскиот настап на пингпонгарите во Храдец Кралове, Чешка, клубот го поддржа и настапот на нашиот најдобар шахист и повеќекратен државен првак, Јанчо Ѓорѓевски, да настапи на ЕП во шах, рапид и блиц на крајот од месец ноември.

И покрај сите тешкотии и здравствени проблеми со кои нашиот шахист се бореше за време на престојот во Приштина, сепак успеа да постигне значаен успех и да ја подобри својата рејтинг позиција.

Честитки за настапот на Јанчо.

Средства за неговиот настап беа обезбедени од Министерството за спорт, од средства за финансирање на програмите на спортските клубови.

*Б. Јовановски*



# МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ НА НАТПРЕВАР ВО БОЧАЊЕ ВО БУГАРИЈА

Мобилност Скопје, по претходна покана од страна на нашите пријатели од Бугарија, на 19-20-21.9.2025 година, заедно со екипите на Романија и Србија, учествуваше со четири свои члена(Дејан Ѓоргиевски, Силвана Трајковска, Имер Сефери и Игор Ристески) на државното првенство ОУПЪН за лица со инвалидитет на купот кој традиционално се одржува шеста година, во Севлиево.





Во првиот циклус играа 3 групи по 4 серии на принцип секој против секого. Победникот од секоја група се пласира во полуфинале, меѓу кои беа и нашите членови на екипата ПКСМ Скопје (Игор Ристески и Имер Сефери), која по завршување на финалните мечеви, го освои третото место на турнирот и се закити со пехар и бронзени медали, врачени од страна на вицепретседателот на БФПетанк-Румен Рачев.

Мобилност Скопје им го честита успехот на нашите членови, им се заблагодарува на домаќините од Севлиево за топлиот пречек и цврсто верува во намерата за развивање на спортот бочија во иднина.

*Христина П.*



# МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР ВО ПИНГ ПОНГ-МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ

Спортот за Мобилност Скопје претставува еден од најголемите репрезентативни дејности со кој здружението може да се гордее и повика до своите членови и целата јавност дека поседуваме: капацитети, неограничени можности, достижна еднаквост и загарантирана социјална компонента. Токму ова претставува причина, сите децении наназад, нашето здружение неуморно да се вложува во спортот, односно цели кон успешни натпревари и турнири, привлекување нови успешни спортисти, како и вмрежување со останати здруженија во опкружувањето.

За оваа наша намера, најголем поддржувач е Градот Скопје, кој совршено ја препознава и вреднува намерата за успех на лицата со телесна попреченост, односно аплицираните јавни повици позитивно ги одговара. Еден таков, исто така



важен како и сите останати повици, е проектот за одржување меѓународен турнир во пинг-понг.

Турнирот се одржа на 22 и 23 ноември во училиштето „Михајло Пупин“ во Скопје, каде што покрај натпреварувачите од Мобилност Скопје, учествуваа и спортисти од Мобилност Куманово, Мобилност Струмица и Република Србија (Ниш, Лесковац и Врање).Сите екипи и поединци покажаа извонредно одиграни мечеви и достоинствено ги претставија своите градови во кои долгогодишно придонесуваат и покажуваат резултати во пинг-понг.

Настанот помина во спортски дух, со голема посветеност, фер-плеј, активно дружење, носејќи прекрасна енергија со мотив за понатамошни активности.

„Мобилност Скопје“ изразува огромна благодарност до сите учесници, волонтери и поддржувачи, а особена благодарност упатува до Градот Скопје за несебичната долгогодишна поддршка.

*Христина П.*





# УСВОЕНА И ОБЈАВЕНА ПРОГРАМА НА СПОРТОВИ, БРОЈ НА СПОРТИСТИ И БРОЈ НА ДИСЦИПЛИНИ ЗА МЕДАЛИ НА ПАРАОЛИМПИСКИТЕ ИГРИ ВО ЛОС АНЦЕЛЕС 2028 (ЛА28)



Првично одобрените 22 спорта на програмата на Параолимписките игри во ЛА28 од страна на IPC ќе имаат 552 дисциплини за медали и вкупно 4.400 места со квоти. Паракачување ќе има осум дисциплини за медали, со по 10 спортисти во секоја дисциплина. Меѓународниот параолимписки комитет (IPC) ги потврди медалите и квотите за спортисти за Параолимписките игри LA28 денес, среда (3 јуни). Согласно со 22-та спорта што беа вклучени од страна на Управниот одбор на IPC, во почетната спортска програма за LA28, во јануари 2023 година, ќе има 552 натпревари за медали и вкупно 4.400 места со квота за спортисти - ист број места со квота како и за „Париз 2024“ и „Токио 2020“. Во 22-та спорта, ќе има 243 натпревари за медали за спортистки (44 проценти), осум повеќе отколку за „Париз 2024“, додека бројот на натпревари за медали за машки спортисти е намален за осум на 263 (48 проценти). Бројот на отворени или мешани (микс) натпревари за медали за полови е зголемен за три на 46 (осум проценти). Од 4.400 места за спортисти со квота достапни во 22-те првично вклучени спортови, 1.967 се за параспортистки (45 проценти), 107 повеќе отколку во Париз 2024. Ќе има 2.228 места за квота за машки параспортисти (51 процент), 27 повеќе отколку во Париз 2024, и 205 места без пол (пет проценти), што е намалување од 134 места. Ова ќе бидат втори последователни Параолимписки игри, на кои натпреварите за медали за мажи и жени во голбал, седечка одбојка и кошарка во инвалидски колички, ќе имаат по осум ▶

екипи. Осум екипи ќе се натпреваруваат и во натпреварите за фудбал на слепи лица и рагби во инвалидски колички. Паракачување, спорт предложен од Организациониот комитет и одобрен од Управниот одбор на IPC за своето параолимписко деби на LA28, ќе има осум натпревари за медали (четири машки и четири женски) и ќе има максимум 10 спортисти кои ќе се натпреваруваат во секој натпревар за медали. Со вклучувањето на паракачувањето во LA28, како 23-ти спорт, рекордни 17 спортови ќе имаат родова еднаквост во однос на нивните програми за медали. Шеснаесет спортови ќе понудат еднаков број места со квоти за машки и женски спортисти, најмногу досега, а шест нови спортови го постигнаа ова во споредба со Париз 2024. Целосниот список на медали и квоти за спортисти може да го видите подолу во сликите.

Ендру Парсонс, претседател на IPC, истакна: „Финализирањето на програмата за медали и квотите за спортисти за Параолимписките игри е секогаш сложена работа и LA28 не беше исклучок. Веруваме дека финалната програма за медали ќе обезбеди спортска акција од светска класа во сите 23 спортови, ќе ја зголеми ефикасноста за организаторите и ќе им обезбеди јасност на Националните параолимписки комитети да ги финализираат своите подготовки и програми за настапи за LA28. „Благодарни сме на сите меѓународни федерации кои соработуваа во овој процес.“ Со додавањето на паракачување, резултатот не е само најголемата програма за медали и најрамномерната квота за спортисти во историјата на Параолимписките игри, туку и таква што го претставува врвот на параспортот и служи како јадро за трансформативните Игри.“ Меѓународните федерации на 22-те спорта, вклучени во програмата, првично одобрена од IPC во јануари 2023 година, предложија да се вклучат вкупно 598 медали во Параолимписките игри LA28, при што 13 меѓународни федерации сакаат да го зголемат својот број на медали во споредба со „Париз 2024“. 22-те меѓународни федерации, исто така, побараа вкупно 4.811 места во квотата за спортисти, 411 места повеќе од максималниот број дозволен за натпреварување на Параолимписките игри, но тоа не беше одобрено.

Параолимписките игри LA28 ќе се одржат помеѓу 15 и 27 август 2028 година.

*Б. Јовановски*

# НАТПРЕВАР ВО АТЛЕТИКА ВО НАСЕЛБА ЖЕЛЕЗАРА

По одобрениот проект од страна на секторот за спорт при град Скопје, Мобилност Скопје, на ден 20.7.2025 година, во паркот на населба Железара, го одржа пријателскиот натпревар во Атлетика. На натпреварот учествуваа докажани спортски имиња на здружението во оваа дисциплина, кои низ годините освојувале награди и носеле медали во областа на спортот. Запазувајќи го континуитетот, учесниците-членови на овој настан, го покажаа својот талент и натпреварувачки дух, односно и овој пат постигнаа солидни резултати со кои докажаа дека и покрај екстремно високите температури, сите се победници, давајќи силна инспирација за приклучување нови членови во иднина.

„Мобилност Скопје“ се заблагодарува на Град Скопје за апсолутната поддршка во спортот, а особена благодарност изразува до учесниците, тренерите, помошниците и организаторите на натпреварот.

*Христина П*










МОБИЛНОСТ
СКОПЈЕ 1

МОБИЛНОСТ
ПРИЛЕП

МОБИЛНОСТ
КОЧАНИ


МОБИЛНОСТ
ГЕВГЕЛИЈА





ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА
СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ НЕДИСКРИМИНАЦИЈА
ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ
ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА
ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ
ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА
СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ НЕДИСКРИМИНАЦИЈА
ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ
ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА
ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ
ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА
СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ НЕДИСКРИМИНАЦИЈА
ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ
ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА
ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ
ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА
СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ НЕДИСКРИМИНАЦИЈА
ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ
ЕДНАКВИ МОЖНОСТИПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА
ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ
ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА
СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ НЕДИСКРИМИНАЦИЈА
ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ
ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА
ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ
ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА
СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ НЕДИСКРИМИНАЦИЈА
ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ
ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА
ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ
ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА
СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ НЕДИСКРИМИНАЦИЈА
ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ
ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА
ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ
ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА
СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ НЕДИСКРИМИНАЦИЈА
ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ
ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА

ISSN 1857-8470